# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

## за реализација на наставната програма по предметот Музичко образование за четврто одделение

м-р Павлинка Вељаноска
м-р Теута Алими-Селмани

Прирачник за наставници за реализација на наставната програма по предметот Музичко образование за четврто одделение

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

Уредници:
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска

Автори:
м-р Павлинка Вељаноска
м-р Теута Алими - Селмани

Стручна поддршка:
Невена Бошковска
м-р Мирјанче Милошевска
Рајмонда Незири

Лектор: Александар Здравевски
Дизајн и техничко уредување: ДПТУ "СТУДЕНТСКИ СЕРВИС" ДОО Скопје
Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:78(035)=163.3

ВЕЉАНОСКА, Павлинка
Прирачник за наставници за реализација на наставната програма по предметот Музичко образование за четврто одделение [Електронски извор] / Павлинка Вељаноска, Теута Алими-Селмани. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/mo4/. - Текст во ПДФ формат, 210 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 31.12.2025

ISBN 978-608-206-226-6

1. Алими-Селмани, Теута [автор]

COBISS.MK-ID 67863045

Прирачникот по предметот Музичко образование за четврто одделение содржи методски насоки за реализација на содржините од наставната програма, кои претставуваат потсетник за наставниците за основните начела на методиката на музичката настава. Покрај тоа, овој Прирачник дава можност за подобро разбирање на концептот на материјалите за учење, како и идеи за осмислување и реализација на наставните содржини. Предложените сценарија за час се еден од начините за подготовка и реализација на наставната содржина, а наставниците можат да ги прилагодат според условите за работа, составот на ученици во одделението, односно, според можностите и интересите на учениците.

Се надеваме дека наставниците, со користење на овој Прирачник во наставата, ќе можат поефикасно и поквалитетно да ги планираат и реализираат содржините, а учениците ќе имаат одлични резултати од учењето.

***Од авторките***

***„Без поддршка и активно ангажирање на наставникот, ниедна реформа не доживеала успех“ – Ж. Делор***

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................3

1. ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ ........................................................................ 6

2. МЕТОДСКИ НАСОКИ ЗА ТЕМАТА СЛУШАЊЕ МУЗИКА ........... 8

Подготовка на наставникот за часот по слушање музика ..........................9
Избор на дела за слушање музика ..........................................................9
Слушање вокална музика.........................................................................10
Слушање вокално-инструментална музика ..............................................10
Слушање инструментална музика............................................................11
Пеење ......................................................................................................12

3. МЕТОДСКИ НАСОКИ ЗА ТЕМАТА ПЕЕЊЕ, СВИРЕЊЕ И ИГРАЊЕ............................................................................ 12

Обработка на песна по слух – методски пристап ......................................13
Обработка на песна со ноти и мелодиски вежби ......................................16
– методски приказ ......................................................................................16
Правилна вокална техника .........................................................................18
Свирење на детски музички инструменти..................................................19
Музика и движење......................................................................................20
Музичка писменост .....................................................................................21
Музичко изразување и творештво ..............................................................22
Народното творештво..................................................................................23
Методски приказ на наставните содржини...................................................24
Композиции за слушање музика ..................................................................75

ПРИЛОГ - ПРЕВОД НА ПЕСНИТЕ ЗА ОБРАБОТКА ПО СЛУХ И НОТИ .................................................................................... 79

Превод на албански јазик ...........................................................................79
Превод на турски јазик ...............................................................................92
Превод на српски јазик ..............................................................................105
Превод на босански јазик ..........................................................................115
Превод на ромски јазик.............................................................................125

# РАСТЕМЕ СО МУЗИКА


Бим, бам ... 136
Роден крај ... 137
Темпо ... 139
Динамика ... 141
Детски музички инструменти ... 143
Половина нота ... 145
Знак за повторување ... 146
Цела нота ... 147
Тонот **ла** ... 149
Тонот **ре** ... 150
Тонот **до** ... 151
Вокална, инструментална и вокално-инструментална музика ... 153
Химна ... 155
Видови гласови ... 157
Детски песни ... 159
А рам, сам, сам ... 161
Штом си среќен ... 162
Нова година ... 163
Зимска бајка ... 165
Строфа и рефрен ... 167
Месечина и сонце ... 169
Светкај ѕвездичке ... 170
Флејта ... 171
Кларинет ... 173
Оркестар ... 175
Дојде пролет ... 177
Народни песни ... 179
Рум, дум, дум ... 181
Песна нека се виори ... 183
Кавал ... 185
Ода на радоста ... 187
Народни игри ... 189
Марш ... 191
Валцер ... 193
Ајде да танцуваме ... 195
Музика од анимирани фимови ... 197
Популарна музика ... 199
Пеење и свирење ... 201
Прекрасна игра ... 203
Ајде да повториме ... 205
Слушање музика ... 207
Музички споменар ... 209
Дневник за слушање музика ... 210

# 1. ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

Позитивното влијание на музиката врз правилниот психички и когнитивен развој на децата е големо, особено кога правилно и систематски се воведува од рана возраст. Добро осмислените часови од страна на наставникот, во корелација со насоките од наставната програма за предметот, се сигурна основа за правилно развивање на младата личност, но и за поттикнување на афинитетите и талентот кај учениците.

Музиката во образовниот процес игра голема улога во формирањето на личноста кај децата. Една од главните задачи на музичкото образование е едуцирање и креирање уметнички музички вкус. Процесот, пак, на развивање на музичките способности кај децата се формира на спонтан начин.

Предметот Музичко образование во четврто одделение е задолжителен. Годишниот број на часови е 36, еднаш неделно. Во наставната програма се застапени темите ***Слушање музика*** со 18 часа и ***Пеење, свирење и играње*** со 18 часа.

## Резултати од учењето за темата Слушање музика

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. препознава музички инструменти (кларинет, флејта) и глас (машки, женски, детски) во хорски изведби;
2. разликува вокално-инструментални, инструментални и вокални композиции од различни музички стилови и жанрови;
3. препознава темпо, динамика и карактер во слушнати композиции;
4. препознава народни песни, игри и инструменти (кавал/фуел) на етничките заедници кои живеат во Република Северна Македонија.

## Резултати од учењето за темата Пеење, свирење и играње

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. пее детски, традиционални и уметнички песни по слух, со различен карактер и содржина;
2. свири на детски музички инструменти по слух, со правилна техника на свирење и со употреба на изучените музички елементи;
3. пее и да свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис, со употреба на изучените музички елементи;
4. се изразува креативно (согласно карактерот на музиката) преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи;
5. ги развива креативноста и музичкото изразување преку пеење, свирење и играње.

При планирање на содржините кои се предвидени со наставната програма, наставникот треба да има во предвид дека содржините од двете теми се меѓусебно интегрирани. Многу често во рамките на еден час може да се комбинираат содржини од двете теми (пр. обработка на песна - слушање звучен пример) што е дополнителна можност за наставникот да го испланира и реализира часот со интересни содржини, часот да биде динамичен а учениците да добијат продлабочени знаења.

Постои и можност за меѓупредметна интеграција со предметите кои ги изучуваат учениците според наставниот план и програма. Таквите содржини наставникот треба внимателно да ги планира на почетокот на учебната година во временска рамка која ќе овозможи реализација на интегриран наставен ден (сите предмети во една целина).

Во прирачникот, а според материјалите за учење, сите песни кои се планирани, се преведени на другите наставни јазици на кои се одвива настава во нашата држава. Покрај тоа што учениците ќе можат да пеат на својот мајчин јазик, се дава можност за меѓуетничка интеграција, па една песна може да се обработи на неколку јазици. Исто така, има можност за интеркултурни активности (обработка на најпознатите детски песни во светот на мајчин јазик, но и на најпознатите светски јазици).

# 2. МЕТОДСКИ НАСОКИ ЗА ТЕМАТА СЛУШАЊЕ МУЗИКА

Темата ***СЛУШАЊЕ МУЗИКА*** е неизоставен дел од сите курикулуми по предметот Музичко образование во различни образовни системи. Во првиот циклус на основното образование, освен другите содржини предвидени со наставната програма, голема улога имаат и активностите од темата ***СЛУШАЊЕ МУЗИКА***. Преку оваа тема учениците во IV одделение се запознаваат со:

- музичките стилови и жанрови;
- композиторите и нивните дела;
- музичките инструменти, како што се кларинетот и флејтата;
- гласот во хорските изведби;
- интерпретациските жанрови (вокално-инструментални, инструментални и вокални композиции);
- музичките изразни средства (темпо, динамика и карактер);
- народните жанрови;
- народните инструменти.

Слушањето музика е основна активност на музичкото образование. Тоа е сложен психички процес кој прикажува емоционални доживувања. Музиката е присутна во секојдневието на сите деца. Неа сите деца можат да ја слушаат, доживуваат, разбираат и да ја изразат. Со употреба на различни методи, активности и форми на работа, темата ***СЛУШАЊЕ МУЗИКА*** ќе придонесе за реализација на повеќе цели на музичкото образование кај учениците.

За постигнување оптимални резултати во процесот на слушање музика, голема улога играат следниве фактори:

- професионалната и педагошката подготовка на наставникот;
- ученикот со неговите музички, интелектуални и емотивни способности;
- материјалите − литературата и наставните средства и помагала кои ќе бидат употребени.

## Подготовка на наставникот за часот по слушање музика

Подготовката на наставникот за часот по слушање музика е многу битна, бидејќи од тоа зависи дали децата ќе имаат интерес за оваа активност.

Пред наставникот се поставени многу цели кои тој треба да ги постигне. Предлагаме наставникот прво да ја коментира музичката приказна со помош на илустрации (ако е можно). Така, преку илустрации, учениците ќе ја разберат и доживеат содржината која треба да се обработува. Наставникот треба да има познавање од музика, па затоа треба да го слуша делото барем 2 до 3 пати, а ова ќе го води кон тоа што треба понатаму. Тој мора да ги анализира музичките изразни средства: музичка приказна, темпо, динамика, метар, мелодија, карактер, со кој инструмент се реализира итн. Наставникот го открива карактерот на делото: комичен, танцувачки, марш, весел, тажен, итн.; открива темпо: бавно, средно, брзо; динамика: гласно или тивко итн. Но, наставникот треба да ги мотивира и да ги поттикнува учениците и тие да ги откриваат овие сегменти на композицијата, со што правилно ќе ги насочува со добро осмислени прашања.

## Избор на дела за слушање музика

Во музичкото образование, односно на часовите за слушање музика, се одбрани композиции кои по форма и содржина се разбирливи за децата.

Главниот критериум за избор на композиции е дека тие мора да имаат висока уметничка вредност. Со пристапот кон ваквите композиции ние сееме нешто многу вредно во емотивната и интелектуалната личност на децата. Естетскиот став на наставникот треба да биде дека во сите жанрови на музика може да има или да нема естетска вредност, не исклучувајќи ја ниту забавната музика. Исто така, не треба да се заборава народната музика − автентична, изворна и оригинална. Доколку на учениците им се пушти преработка на народна песна, таа треба да биде со високи уметнички вредности.

За да се доживее едно дело од сериозната музика е потребна поголема емоционална и интелектуална концентрација. Естетската цел на наставникот треба да биде водена од музика со уметничка вредност, од добра музика, без оглед на кој жанр припаѓа. Познавањето на одреден број слушнати дела, а особено нивното емотивно искуство, ќе ги ориентира учениците кон понатамошно формирање на нивниот музички вкус.

## Слушање вокална музика

Вокалната музика изведена од човечки гласови е најстарата форма на музичко изразување. Вокалната музика е една од најпознатите форми и теми за првиот циклус на основното образование. Овде се вклучуваат песните кои треба да се обработуваат и песните кои треба само да се слушаат.

Првата група песни кои треба да се обработуваат имаат поедноставни музички изразни средства, како на пример: лесни мелодии, со ограничен опсег, поедноставен ритам итн.

Сепак, постојат и песни со поизразена ритмичко-мелодиска структура, кои децата не ги пеат, туку треба само да ги слушаат.

Вокалната музика, како и секоја друга музика, се слуша со максимална концентрација со цел да се доживеат содржината и карактерот на музиката, како и нејзините експресивни изразни елементи.

## Слушање вокално-инструментална музика

Вокално-инструменталната музика е музика која е надополнета со инструментална придружба. По слушањето на вокално-инструменталниот дел се поставуваат неколку прашања, како што се:

- Кој инструмент го придружува пејачот или пејачите?

- Каква е придружбата?

- Објаснете ја содржината на песната!
- Наброј некои од инструментите кои ги слушаш!

## Слушање инструментална музика

Музиката која е изведена со инструмент, камерен состав или оркестар се нарекува инструментална музика. За помалите ученици, значи за учениците од I, II и III одделение, се најпожелни инструменталните композиции со програмска содржина. (Програмска музика е онаа музика која содржи наслов и од самиот наслов знаеме или насетуваме за нејзината содржина или програма.)

Од четврто одделение, освен инструментални дела со програмска содржина, може да се слушаат и инструментални дела од апсолутната музика. (Апсолутна музика е онаа музика која нема конкретен наслов, значи нема конкретна програмска содржина.)

Впечатоците за музиката која ја слушаат и ја доживуваат, децата може да ги изразат преку слободни движења, изрази на лицето, гестови, цртежи, писмени или усни раскажувања итн. На пример: можеме да реализираме активност наречена визуелизација на музиката каде што учениците ја слушаат музиката (програмска или апсолутна) предвидена според наставната програма, а откако ќе го слушнат делото ги насочуваме да ги изразат своите музички впечатоци и перцепции преку цртање и бои. Од оваа активност ќе добиеме различни визуелни содржини на учениците изразени преку цртеж. Секоја композиција во текот на целата година треба да се слуша 2 до 3 пати во различни временски интервали преку кои се зајакнува претходно наученото знаење.

Во материјалите за учење се разработени композициите кои се предвидени во наставната програма. Дадени се и линкови за секоја композиција, па така учениците, покрај слушањето на композициите на часот, ќе имаат можност да ги слушаат и самостојно, а што е најважно да ги проследат и аудитивно и визуелно, за поголемо уметничко доживување но и продлабочување на знаењата (пр. ако слушаат изведба од симфониски оркестар, покрај аудитивното восприемање ќе можат и визуелно да ги проследат инструментите, начинот на свирење, диригентот и сл.).

# 3. МЕТОДСКИ НАСОКИ ЗА ТЕМАТА ПЕЕЊЕ, СВИРЕЊЕ И ИГРАЊЕ

## Пеење

Една од експресивните форми, по зборот, која човекот ја користи за манифестирање мисли и чувства, е пеењето. Пеењето е најстарата, најпопуларната и најмасовната комуникација од најраните времиња на човештвото до денес.

Песната е целина составена од поезија и музика. Пеењето песни, исто така, игра многу важна улога во развојот на личноста. Преку песните децата ги изразуваат своите мисли, чувства и искуства. Текстовите го збогатуваат вокабуларот на децата, животниот оптимизам.

Пеењето песни со различна тематска содржина, различен стил и карактер ја буди интелектуалната љубопитност кај учениците, развива ритмичко, мелодично чувство, чувство за убавина, навика за пеење итн.

Веселата песна буди радост и оптимизам кај учениците, а чувствителната песна создава атмосфера на смирено чувство кое им е многу потребно на учениците на оваа возраст.

Песните кои се пеат во првиот циклус на основното образование имаат различни содржини, па така, на пример, во нив се пее за родното место, за убавините на татковината, за љубовта кон роднините, учителот, пријателите, животните итн.

Песната силно влијае на емоциите на децата и нивниот развој. Ги отстранува негативните страни на карактерот, како на пример: омразата, одмаздата, презирот итн. и ги нагласува позитивните доблести на карактерот, како на пример: искреноста, одговорноста, довербата, независноста, дисциплината, работните навики итн.

Песната е многу моќна алатка за естетско вреднување на музиката преку која учениците се учат како да го ценат и сакаат она што е убаво за да можат подоцна и самите да станат креатори на убавината.

Запознавајќи се со елементите на музичкото изразување, како што се: ритам, мелодија, темпо, метар, динамика, форми, тембар (боја на инструментот) и слично, кај учениците се будат естетските чувства и се развиваат креативните вештини.

Песната е најсугестивната и најсаканата форма и кај народот. Народната песна претставува главен печат на историјата на една нација. Народната песна е автентична, а нејзиниот творец е анонимен и се пренесува од генерација на генерација, сѐ до денес. Со пеење народни песни учениците ги учат карактеристиките на фолклорот со сите свои суптилности.

Изборот на песни, покрај насоките во наставната програма, е даден од авторите на материјалите за учење, но тука е вклучен и наставникот, кој може да прилагодува песни според составот на одделението и актуелните случувања.

Во однос на изборот на песни, мора да се почитуваат одредени критериуми.

Главниот критериум е дека песната се прилагодува на музичките способности на децата, земајќи ги предвид нивната возраст и опсегот на нивниот глас. Во четврто одделение опсегот на песните е до1 – до2.

## Обработка на песна по слух - методски пристап

Пред да почнат да ја учат песната, децата прво треба да ја слушнат од наставникот/наставничката, и доколку е можно, наставникот треба да ја придружува песната на инструмент. Вака децата поприродно ја доживуваат песната. Ако наставникот нема музички вештини и вештини за пеење, тогаш песната може да се слуша на касетофон (ЦД-уред) или друг уред за слушање. Содржината на песните треба да биде едноставна и да е од секојдневниот живот на децата. Покрај оваа тематика од нивниот секојдневен живот, песните може да поседуваат и социјална содржина, да бидат од домашни и странски автори кои имаат уметнички и воспитни вредности.

Многу е важно на децата на оваа возраст да им понудиме песни со народни мотиви, бидејќи нема ништо поблиску до детската психологија од народната мелодија.

На децата треба да им понудиме и песни со содржини од секојдневниот живот и сè што нè опкружува, бидејќи на овој начин детето се буди и развива чувство на љубов кон човештвото, кон природата, кон животните, семејството, општеството, училиштето и др.

Во однос на мелодиската содржина, песната треба да биде разбирлива и едноставна, односно со постапно движење на мелодијата, без ненадејни скокови. Од ритмички аспект, исто така, треба да се прилагодува на способноста на учениците, како и на нивната возраст.

При обработка на песна по слух, најчесто се работи во три фази:

- во првата фаза се создава атмосфера за работа;
- во втората фаза се работи со литературен текст и чиста дикција;
- во третата фаза се учи мелодијата заедно со текстот.

*Прва фаза*

Во оваа подготвителна фаза се користи методот на разговор, насочувајќи ги учениците кон главната цел на содржината. Се дискутира за темата на песната, на пример: ако песната има тема за пролетта, тогаш наставникот/ наставничката заедно со учениците дискутираат за карактеристиките на годишните времиња, односно за пролетта. Наставникот/наставничката, исто така, може да користи различни слики или цртежи кои го карактеризираат ова годишно време.

*Втора фаза*

Во четврто одделение, кога учениците веќе ги совладале буквите и нивното читање, се обработува текстот на песната, а потоа се совладуваат и другите експресивни елементи на песната.

Откако ќе заврши првата фаза, наставникот/наставничката им ја открива на учениците целта на часот, кажувајќи им за песната која ќе се обработува.

Најпрвин наставникот/наставничката го чита текстот полека и течно, од почеток до крај, а потоа заедно со учениците. Тука се објаснуваат и непознатите зборови.

Дикцијата (правилниот изговор на зборовите во речениците) игра многу важна улога за правилно изговарање на зборовите. Се предлага учениците добро да го научат текстот за подоцна да имаат поголема сигурност во интонацијата и ритамот.

*Трета фаза*

На почетокот наставникот/наставничката ја пее песната два или три пати додека учениците ја слушаат и со тоа го доживуваат расположението на самата песна. Наставникот/наставничката, исто така, може да ја придружува песната со кој било инструмент (пијано, гитара, детски инструмент и др.).

Тогаш наставникот/наставничката го пее само првиот стих од строфата 2 до 3 пати и ги замолува учениците да го повторат истото. Треба да се направат обиди сите ученици да се вклучат во пеењето. Истото се прави со вториот стих и со останатите стихови. Тогаш се повторува целата строфа, пеејќи во неразделна целина. Истото важи и за другите стихови и строфи. За време на обработката на песната, наставникот/наставничката треба да паузира за да ги одмори гласовите на децата. За време на паузата, тој/таа може сам/сама да ја отпее песната.

Песната е елаборирана во повеќе музички активности, при кои се верификуваат нејзините експресивни елементи: мелодија, ритам, темпо, динамика, дикција, наметнување на звук со цел да се добие култивиран звук, употреба на детски музички инструменти, доживување на карактерот на песната и др.

Во материјалите за учење, предвидени се следните песни за обработка по слух:

- ,,Бим, бам, бим, бам”;
- ,,Роден крај”;
- ,,А рам, сам, сам”;
- ,,Штом си среќен”;

- ,,Нова година";
- ,,Дојде пролет";
- ,,Рум, дум, дум" (и народни песни на другите народи -прилог);
- ,,Песна нека се виори" (македонска народна песна и народни песни на другите народи).

Според интересот и можностите на учениците, дел од овие песни можат да се обработат и со ноти. Но, најголем акцент при обработката на овие песни треба да се обрне на импостација на гласот, правилна вокална техника, чиста интонација, примена на темпо и динамика, текстуална содржина, создавање на аранжмани на ДМИ, ликовно и говорно изразување во врска со содржината на текстот, доловување на карактерот на композицијата и сл.)

## Обработка на песна со ноти и мелодиски вежби – методски приказ

Во четврто одделение, освен што се учи песна по слух, може да се учи и со ноти, но со тие ноти кои учениците ги имаат усвоено. Или, пак, учениците може да пеат и тактираат едноставни мелодиски вежби со изучените елементи (тонови и нотни вредности, темпо, динамика).

Изборот на песни треба да се прилагоди на музичките и психофизичките способности на учениците. Значи, песните треба да бидат едноставни и прилагодливи на возраста на учениците од четврто одделение.

При изборот на песни мора да се водиме според некои правила и од ритмичка и од мелодиска природа. Мелодијата на песната треба да има јасен и логичен развој без нагли мелодиски скокови. Ритмиката, исто така, треба да биде прифатлива за учениците.

Кога се обработува песна со ноти, се поминува низ неколку фази.

*Прва фаза*

Исто е како кај учење песна по слух.

*Втора фаза*

Во втората фаза наставникот/наставничката им кажува на учениците која песна ќе ја обработуваат, го пишува насловот на табла. Наставникот/наставничката може и на хамер да го напише текстот на песната за да можат сите деца да ја прочитаат.

Потоа работата продолжува со:

- совладување на текстот и дикцијата;
- анализа на текстот;
- работа со ритамот на песната;
- спојување на ритамот со текстот.

*Трета фаза*

Третата фаза опфаќа:

- работа со ноти − пеење на песната со ноти, учење на мелодијата;
- спојување на мелодијата со текстот;
- совладување на песната со сите нејзини елементи (темпо, динамика, чиста интонација итн.);
- придружба на песната со инструменти (детски музички инструменти - ДМИ или пијано).

Во материјалите за учење, за обработка на песни и мелодиски вежби со ноти, планирани се следните содржини:

- Мелодиски вежби со изучените елементи од музичка писменост;
- ,,Месечина и сонце”
- ,,Светкај ѕвездичке”
- ,,Ода на радоста”

За овие песни, напишани се и аранжмани за придружба со детски музички инструменти, со кои ќе се утврдат и применат знаењата од музичка писменост. Се препорачува да се обрне внимание на читање на нотите, а доколку некои ритмички траења не се усвоени, да се испеат со помош на наставникот.

## Правилна вокална техника

За да се постигне правилна реализација на песните, мора да се земат предвид следниве околности:

- став при пеење;
- дишење при пеење;
- создавање звук;
- дикција;
- хорски звук.

Наставникот/наставничката мора да создаде основни навики на пеење, како на пример: да се почне и да се завршува со даден знак од наставникот/наставничката, да се зема воздух на одредени делови од фразите, а не помеѓу слоговите на зборовите, да се пее со умерена динамика, да се создаде иста боја на гласот, со исто темпо, да се реагира на движењата на наставникот итн.

Паралелно со основните навики на пеење, наставникот/наставничката работи и на формирање на други навики, како што е исправеното држење на телото при пеење, што значи создавање услови за правилно дишење и поставување на гласот. Исправено држење на телото значи добро поставено тело со природна положба на главата и рацете.

Додека се пее, дишењето е многу важно за да се добие јасен тон и дикција. Децата треба да се научат да вдишуваат брзо, без кревање раменици. Личниот пример на самиот наставник/наставничка е многу важен за стекнување на овие основни поставувања од вокалната техника.

Вокалното поставување (импостација) е многу важно при пеењето. За разлика од зборувањето, пеењето се карактеризира со издолжување на самогласките, додека согласките се завршени и се изговараат кратко. Кога пееме самогласки, устата е отворена, во заоблена форма, исто како кога ја изговараме самогласката.

Дикцијата, исто така, игра важна улога во формирањето на способноста за пеење. Многу е важно наставникот/наставничката да покаже како правилно се акцентираат зборовите и речениците во читањето. Јасната дикција многу придонесува за емотивното доживување на содржината на песната.

Добивањето хорски звук е уште една компонента на која треба да се обрне внимание при обработка на песна. Секое дете кога пее сака да го слушне својот глас, мислејќи дека на тој начин пее поубаво. Уште од самиот почеток наставникот/наставничката треба да им посочува на децата да пеат со умерен тон. Мелодијата на песната треба да се пее чисто ритмички и мелодиски.

## Свирење на детски музички инструменти

Во општото музичко образование учениците не само што треба да го користат својот глас како природен инструмент туку треба да свират и на музички инструменти. Свирењето на инструмент е посебно искуство за учениците. Употребата на инструменти за време на часовите по предметот Музичко образование влијае децата да бидат уште позаинтересирани за музиката и истовремено да развиваат чувство за ритам и мелодија. Употребата на музички инструменти, исто така, игра голема улога кај оние ученици кои имаат проблеми со пеењето. На овие ученици им е дадена можност музички да се изразат преку инструментално толкување, со што ќе бидат поштедени од создавање чувство на инфериорност.

Во првиот циклус на основното образование е добро да се користат музички инструменти за кои не е потребна посебна интерпретативна техника. Затоа во процесот на инструменталната музика за овие возрасни групи на деца се користат детски музички инструменти или Орфови инструменти, конструирани од германскиот композитор и педагог Карл Орф, поедноставувајќи некои оркестарски инструменти и користејќи народни инструменти. Детските музички инструменти на Орф може да се користат од рана возраст, пред учениците да ги научат нотите, нивните имиња и нивното траење.

Детските музички инструменти (Орфови) се делат на:

- ритмички инструменти – со неодредена висина на тонот;
- мелодиски инструменти − со одредена висина на тонот.

Во материјалите за учење има прикажано три аранжмани со детски музички инструменти, на песните кои се планирани за обработка по ноти. Но, учениците треба да се поттикнуваат почесто да ги користат детските музички инструменти за подржување на ритамот или за креирање на сопствени аранжмани со помош на наставникот.

## Музика и движење

Движењето низ игра е од суштинско значење за секое дете. Тоа влијае на психофизичкиот развој на децата. Играта го следи детето од првите денови од животот. Според Максим Горки: „Движењето низ играта е начин преку кој децата го спознаваат светот во кој живеат.“ Ако на детето му е забрането да игра, тоа е исто како некој да му го одземе детското право.

Движењето низ игра, како многу значајна компонента на детските активности, има многу важна воспитна улога и во музичките активности на децата од предучилишно образование до четврто одделение од основното образование.

Во наставната програма за предметот Музичко образование, оваа тема, односно оваа активност е насловена како Музика и движење.

Преку движење и танцување се развиваат музичките вештини на учениците, се развиваат менталните и физичките вештини, како и креативните активности. Музиката и движењето ја стимулираат детската фантазија, спонтаните идеи, го промовираат музичкото искуство итн. Различните реакции на темата/активноста Музика и движење им овозможуваат на децата да го почувствуваат карактерот на песната или музиката која ја слушаат. Успешното реализирање на оваа тема зависи од посветеноста, креативноста, способноста и знаењето на наставникот.

Музика и движење или музички игри може да бидат:

- игри или движења кои се изведуваат со определени правила и движења (наставник/наставничка кој/-а претходно испланирал/-а кореографија на движења на телото, демонстрира и поучува ученици);
- неодредени игри или движења на телото на учениците кои одговараат на карактерот на песната или музиката која ја слушаат (наставникот/наставничката не ги испланирал движењата на телото кои ќе ги прават учениците, тука движењата се слободни според музичкото искуство на детето).

Содржини за Музика и движење може да бидат и музичките игри кои се поврзани со овие активности:

- броеници за деца;
- пеење;
- свирење на ДМИ;
- слушање музика;
- народно творештво.

Во материјалите за учење има предвидено неколку содржини во кои има определено движење (песните ,,А рам, сам сам" ,,Штом си среќен'', Валцер, Марш, Народни игри, Ајде да танцуваме). Но, наставникот треба да ги поттикнува учениците да ги искажуваат своите емоции преку движење, преку содржините за слушање музика и обработка на песни.

## Музичка писменост

Во однос на музичката писменост, учениците ги учат музичките знаци, пишувањето, читањето, тактирањето и пеењето на тие знаци. Во прво и во второ одделение учениците не треба да бидат оптоварени со теорија на музика додека од трето одделение и понатаму, учениците започнуваат да учат музички знаци, почнувајќи со петолиние, сол-клуч, именување на тонови, нотни вредности и нивните паузи, такт, видови тактови, знаци за повторување, динамика, темпо и др.

## Музичко изразување и творештво

Изразувањето и музичката креативност влијаат музиката да се доживее со многу радост и желба за тоа. Децата живеат во свој свет, свет со неограничени можности. Во тој мал и богат свет на детски игри и фантазии детето е учесник во сите активности уште од најраното детство. Децата свират, пеат, создаваат свои мелодии. Детето кое игра и пее, не пее за да создаде мелодија, туку сето ова го прави несвесно, кога е среќно и весело.

Детските музички креации не треба да се оценуваат, бидејќи тоа може да има негативен ефект и со тоа децата може да ја изгубат самодовербата.

Успешната реализација на развивање на музичката креативност кај децата зависи од состојбата на вродените музички вештини и од акумулацијата на искуството од слушање музика.

Еден вид креативност е и индивидуалното пеење песни со:

- избор на инструмент кој ќе ја придружува песната;
- слободни движења додека учениците ја доживуваат песната, слушаната музика или отпеаната песна;
- импровизација на карактеристични движења при слушање музика, на пример: марш, валцер, народни танци и сл.;
- музички разговори, прашања и одговори при пеење на песната (на пример: едно дете ја пее првата музичка реченица, а второ одговара со втората музичка реченица);
- ритмички импровизации преку детски музички инструменти;
- создавање мелодии преку пеење и изведување;
- имитирање звуци;
- отпеана импровизација на претходно научен текст итн.

## Народното творештво

Ништо не е поблиску до психологијата на човекот од неговата традиција. Кога сме кај традицијата, ќе ги спомeнеме народните носии, ора, песни, инструменти и обичаите.

Секој народ се идентификува со својата фолклорна традиција и култура каде што која од која е поубава. Затоа во нашиот материјал фолклорот е разновиден, богат. Со тоа сакаме да докажеме дека разновидностите на традициите се богатството на една земја.

Во материјалите за учење има неколку содржини од народното творештво и тоа: Народни песни, народни игри и кавал. Овие содржини заедно со народните песни и песните за обработка се можност учениците да се запознаат со сопствениот фолклор, но и со фолклорот и јазикот на другите народи кои живеат во нашата држава и да се поттикне мултикултурализмот.

# Методски приказ на наставните содржини

## БИМ, БАМ, БИМ, БАМ

**Содржини и поими**
Пеење песни по слух во опсег до 1 – до 2.
**Стандарди за оценување**
Пее најмалку 3 песни за деца и/или популарни песни во опсег до 1 – до 2;
Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам.

*Сценарио за час*

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**
Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за впечатоците од првиот училиштен ден. Се поставуваат цели за новата училишна година и се запишуваат на хамер (нови знаења, дружење, нови успеси и сл.).

**Активност 2**
Учениците, по насоки на наставникот, се распејуваат со основната скала и вежби на неутрален слог. Наставникот дава насоки за правилен пејачки став.

*Главни активности*
*-искуствено учење:*

**Активност 3**
Во главниот дел на часот наставникот ги насочува учениците кон новата содржина. Учениците го имитираат ѕвонењето на училишното ѕвонче. Се чита текстот на песната. Го повторуваат текстот неколку пати, дел по дел (прво по два стиха, после по една строфа и на крај од почеток до крај на сите строфи) и ги објаснуваат непознатите зборови, доколку ги има. Наставникот со пеење демонстрира дел од мелодијата со текст, а учениците повторуваат. Песната се учи по стихови и кога наставникот ќе констатира дека учениците веќе ја имаат научено песната, тогаш ја пеат од почеток до крај. Песната се повторува повеќекратно за меморирање на мелодијата и текстот.
**Активност 4**
Учениците со помош на наставникот осмислуваат движења на секое тактово време (пр. прво време-плескање со раце, второ време- кликање со прстите).

Наставникот ги поттикнува учениците сами да креираат различни движења, притоа, да се совпаѓаат со метарот на песната и да се изведуваат во ритам. Учениците ја изведуваат песната со придружба, односно со различно движење. Наставникот насочува на точна интонација и правилна ритмичка придружба. Учениците ја изведуваат песната групно и индивидуално.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Песната се пее во групи, индивидуално, повторување со ехо и други техники по избор на наставникот. Може да се придружува со детски ритмички инструменти или да се создаде кореографија од страна на учениците.

На крајот се поставуваат и целите за учебната година за часот по предметот Музичко образование, а како главна цел е учениците да бидат весели, распеани и разиграни и да уживаат со музика.

**Рефлексија**

Која песна ја пеевме денес, на првиот час? Што се раскажува во песната? Каков е карактерот на песната?

**Средства**

Пијано, инструмент, детски музички инструменти.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# РОДЕН КРАЈ

**Содржини и поими**
Пеење песни по слух во опсег до 1 – до 2.
**Стандарди за оценување**
Пее најмалку 3 песни за деца и/или популарни песни во опсег до 1 – до 2; Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**
Наставникот ги поттикнува учениците, преку говорна вежба да ги искажат убавините на родниот крај: за реките, зелените шуми, синото небо, добрината и љубовта меѓу луѓето. Во овој дел на часот може да се прикажат и фотографии од убавините на родниот крај или учениците да нацртаат цртеж на оваа тема. Овие активности можат да бидат дел од интегриран ден.
**Активност 2**
Учениците, со насоки на наставникот, се распејуваат со основната скала и вежби на неутрален слог. Наставникот дава насоки за правилен пејачки став.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**
Со броеница се избира еден ученик кој ќе го прочита текстот на песната *Роден крај*. Текстот може претходно да се напише на хамер и да биде видлив за сите ученици. Се пристапува кон вообичаената постапка за обработка на песна по слух. Наставникот ја пее песната од почеток до крај, потоа заедно со учениците се учат деловите на песната постапно (стих по стих, со повторување). Кога наставникот ќе констатира дека песната е научена од страна на учениците, тогаш се пее песната од почеток до крај без прекинување. Може да се пее во групи, индивидуално, сите заедно, солисти и хор.

**Активност 4**
Учениците, со помош на наставникот осмислуваат движења на секое тактово време (пр. прво време-плескање со раце, второ време- кликање со прстите). Наставникот ги поттикнува учениците сами да креираат различни движења, притоа, да се совпаѓаат со метарот на песната и да се изведуваат во ритам. Учениците ја изведуваат песната со придружба, односно различно движење. Наставникот потенцира на точна интонација и правилна ритмичка придружба. Учениците ја изведуваат песната групно и индивидуално.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**
Наставникот ги насочува учениците на дискусија во врска со содржината на песната и се поврзува со темата екологија. Се изготвува пано со еколошки пораки поврзани со содржината на песната.

**Рефлексија**
Која песна ја пеевме денес, на првиот час? Што се раскажува во песната? Каков карактер има?

**Средства**
Пијано, табла, материјали за учење, детски музички инструменти, хамер, прибор за цртање.

**Следење на напредокот**
Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ТЕМПО

**Содржини и поими**

Музички изразни средства (темпо, анданте, алегро, модерато, забавување, забрзување, динамика – форте, пијано, крешендо, декрешендо, строфа, рефрен).

**Стандарди за оценување**

Препознава темпо (анданте, алегро, модерато) и динамика (форте, пијано, крешендо, декрешендо) во слушаните дела; Опишува карактер на слушнатото дело (весело, тажно, игриво) со користење стручни изрази за темпо и динамика.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците на дискусија за брзина во секојдневниот живот (одење, трчање, биење на срцето, брзо и бавно зборување). Се дискутира за брзината на композиции кои се презентирале претходно. Се слушаат кратки фрагменти а наставникот ги поттикнува учениците на дискусија, дали композициите би имале ист карактер ако темпото е поразлично.

**Активност 2**

Наставникот им дава насоки на учениците да испеат претходно усвоена песна во различни видови на темпо (брзо, бавно, умерено). Се дискутира кое темпо одговара најмногу за да се долови карактерот на песната.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците заедно да го дефинираат поимот темпо во музиката (во претходното одделение се воочуваше брзината со која се изведуваат композициите). Наставникот дообјаснува што е темпо и објаснува за трите видови темпо: модерато, анданте, алегро. Наставникот преку визуелни наставни средства прави споредба на овие три видови на темпо. Учениците дискутираат и споредуваат со движењата во различно темпо на час по физичко образование. Неколку пати ги изговараат називите на темпо и запишуваат во тетратките.

**Активност 4**
Наставникот ги насочува учениците кон композициите кои ќе се слушаат. Им презентира кратки приказни за делата и прави интеракција (Како се движи лавот кога го крунисуваат? Дали кенгурот може да трча брзо?) Наставникот создава амбиент за слушање музика. Им дава насоки на учениците да го воочат темпото и да го именуваат со стручен назив.

***К. Сен-Санс: Карневал на животните – Царски марш на лавовите (анданте), Кенгури(модерато), Финале(алегро).***

**Активност 5**
Композициите се слушаат повеќекратно. Се дискутира за темпото и учениците го именуваат со стручен назив. Наставникот ги поттикнува учениците да осмислат движење соодветно на програмскиот карактер на композицијата и во соодветно темпото. Учениците можат да изработат цртеж за слушаните композиции.

*Завршни активности -извлекување заклучок:*

**Активност 6**
Учениците најпрво ги запишуваат композициите во дневникот за слушање музика. Тие запишуваат и свои забелешки. Ја реализираат активноста која е дадена на страница 7 од материјалите за учење.

**Рефлексија**
Што учевме денес? Што е темпо? Наброј ги називите за брзо, бавно и умерено темпо. Кои композиции ги слушавме?

**Средства**
Проектор, уред за слушање музика, материјали за учење, слики, фотографии.

**Следење на напредокот**
Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ДИНАМИКА

**Содржини и поими**

Музички изразни средства (темпо, анданте, алегро, модерато, забавување, забрзување, динамика – форте, пијано, крешендо, декрешендо, строфа, рефрен).

**Стандарди за оценување**

Препознава темпо (анданте, алегро, модерато) и динамика (форте, пијано, крешендо, декрешендо) во слушаните дела; Опишува карактер на слушнатото дело (весело, тажно, игриво) со користење стручни изрази за темпо и динамика.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот почнува да зборува многу тивко, па потоа ја менува јачината на гласот. Ги прашува учениците кога тие зборуваат гласно, а кога тивко. Ги насочува учениците дека музиката се изведува со различна јачина. Ги потсетува на некои композиции кои ги слушале претходно и на динамиката во нив.

**Активност 2**

Наставникот дава насоки за активноста ***Топло-ладно.*** Со броеница се избира еден ученик кој излегува од училницата. Останатите ученици сокриваат еден предмет. Ученикот влегува во училницата а учениците пеат песна. Кога ќе се приближи до скриениот предмет, останатите пеат гласно, а кога се оддалечува, пеат тивко. На крајот од активноста, се донесува заеднички заклучок, дека за да се најде скриениот предмет, учениците применуваа различна динамика.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците, заедно да го дефинираат поимот динамика. Наставникот дообјаснува што е динамика (иако е познато како јачина од претходните одделенија), и ги објаснува и поимите: пијано, форте, крешендо и декрешендо. Со визуелни наставни средства ги конкретизира овие поими. На претходно обработена песна по избор на учениците, се применуваат знаците за динамика преку пеење, со именување со стручни називи.

**Активност 4**

Наставникот презентира звучен пример и ги насочува учениците да ја воочат динамиката. Го запишува насловот на делото и композиторот на табла, а учениците запишуваат во тетратките. По слушањето на фрагмент од
композицијата, учениците дискутираат за динамиката. Заедно со наставникот осмислуваат движења за пијано (на пример: триење на дланките), форте (на пример: тропкање со нозете) и сл. Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија, дали музичкото доживување ќе беше исто ако целата композиција беше со иста јачина.

***Л. ван Бетовен, Петта симфонија (фрагмент)***

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Во завршниот дел на часот учениците работат техника ПЕТОРЕД на тема јачина. Се прави уште едно кратко повторување и се реализираат активностите на страница 9 од материјалите за учење.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Што е динамика? Кои се основни динамички знаци? Што значи крешендо и декрешендо?

**Средства**

Пијано, инструмент, проектор, уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група.

# ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Содржини и поими**

Свирење на детски музички инструменти (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Повторува кратки ритмички целини по слух; Повторува кратки мелодиски целини по слух.

## *Сценарио за час*

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците кон активност со букви ( активност со дигитални алатки, на буква на буква.., зборле, бесилка, анаграм и сл.) Поимот кој треба да се добие е инструмент. Учениците дискутираат за добиениот збор. Преку Бура на идеи наведуваат инструменти. Потоа дискутираат за начинот на добивање на звук, начинот на свирење и сл.

***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот презентира детски музички инструменти и ги насочува учениците да ги групираат според начинот на добивање на звук - мелодиски и ритмички. Потоа ги поттикнува учениците да презентираат кратки ритмички мотиви. Се изведува активноста ***Ехо,*** еден ученик изведува еден ритмички мотив а другите го повторуваат потивко. Се применуваат и претходно стекнатите знаења од динамика - именување со стручни називи.

Наставникот презентира композиција од претходните часови (пр. Карневал на животните- К.С.Санс) а учениците со импровизирање ја придружуваат. Наставникот ги насочува учениците да го воочат темпото и динамиката и соодветно на тоа, да придружуваат со инструментите.

**Активност 3**

Наставникот го презентира музичкиот пример со детски музички инструменти ***Синг, синг, синг***. Учениците ги воочуваат инструментите и ги именуваат. Исто така ги воочуваат темпото и динамиката и ги именуваат со стручни изрази.

**Активност 4**

Наставникот дава насоки за изработка на ритмички инструменти од природни материјали (есенски плодови). При изработката се обрнува посебно внимание на звукот кој се добива и на дизајнот на инструментите (интегрирана настава со предметот Ликовно образование). Откако ќе се изработат се избира една песна, се пее и се придружува со изработените инструменти.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Наставникот презентира звучен пример (Есен - А.Вивалди), а учениците придружуваат со изработените инструменти, притоа следејќи го темпото и динамиката на композицијата.

**Активност 6**

Се реализира активноста на страница 11 од материјалите за учење.

**Рефлексија**

Што учевме денес?  Која активност ти се допадна најмногу?

**Средства**

Проектор, уред за слушање музика, материјали за учење, слики, фотографии, есенски плодови за изработка на инструменти.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ПОЛОВИНА НОТА И ПАУЗА

**Содржини и поими**

Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Чита парлато нотен запис на едноставна ритмичка вежба на една линија со неутрален слог – та со тактирање; Чита парлато едноставна мелодиска вежба

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за музичките знаци и се споредуваат со букви и бројки. Се воочуваат музичките знаци во даден визуелен пример.

**Активност 2**

Наставникот претходно изработува картички со музичките знаци и ги насочува учениците кон активноста ***Игра со меморија.*** Учениците воочуваат два исти знаци, ги именуваат и ги тактираат. Со истите картички се создаваат кратки музички модели кои учениците ги создаваат со поредување на картичките. Ритмичките модели се тактираат.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот ги запознава учениците со новата содржина – половина нота и пауза. Притоа, прави споредба со математички операции - дропки и го дообјаснува називот на нотите и поврзаноста со математиката. Наставникот дообјаснува како се пишуваат половина нота и пауза, колку удари траат. Се тактираат половина нота и пауза. Учениците ги запишуваат во тетратка со петолиние. Кога ќе се констатира дека учениците ги усвоиле овие два музички знаци и нивното пишување, траење/тактирање, се обработуваат ритмичките вежби (број 1 и број 2).

Наставникот ги демонстрира, а потоа учениците ги тактираат вежбите. Ритмичките вежби се изведуваат индивидуално, а откако сите ќе ги усвојат, се изведуваат и заедно.

**Активност 4**
Ритмичките вежби се изведуваат со детски ритмички инструменти.

**Активност 5**
Наставникот дава насоки, учениците сами да создадат ритмичка вежба со изучените ноти и паузи. Потоа вежбите се тактираат или се изведуваат со ритмички инструменти.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**
Учениците се поттикнуваат ритмичките вежби да ги изведуваат со техника ***Ритам на телото***. На одредени траења, плескаат со рацете, по колената, да кликнат со прстите и сл., притоа внимавајќи на точното траење на нотите и на правилното тактирање.

**Рефлексија**
Што учевме денес? Колку траат половина нота и пауза?

**Средства**
Проектор, табла, картички со ноти и паузи.

**Следење на напредокот**
Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ЗНАЦИ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

**Содржини и поими**

Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Чита парлато нотен запис на едноставна ритмичка вежба на една линија со неутрален слог – та со тактирање; Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Учениците се поттикнуваат од страна на наставникот, да размислат за некоја песна или композиција каде што имаат воочено повторување на иста мелодиска целина. Наставникот демонстрира песна со повторување, а учениците треба да воочат.

**Активност 2**

Наставникот пее кратки фрагменти на неутрален слог и ги насочува учениците при секое застанување, учениците да го повторат фрагментот. Во оваа вежба можат да се применат знаењата за динамика, па ако наставникот пее форте, учениците да пеат пијано и обратно. Може да се применуваат знаците крешендо и декрешендо.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот ги запознава учениците со знаците за повторување. Им ја објаснува нивната функција, односно, им објаснува дека за да не се испишуваат ноти за целини кои се повторуваат, се употребуваат знаци за повторување. Запишува на табла како се пишуваат. Преку примери со мелодиски и ритмички вежби (претходно подготвени), учениците ги воочуваат знаците за повторување и го објаснуваат начинот на пеење или свирење со употреба на истите. Потоа се обработуваат ритмичките вежби каде што се потенцира и применува знакот за повторување.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Се презентира и обработува вежбата за делумно повторување. Наставникот им дава насоки на учениците да создадат ритмичка вежба со изучените ноти и паузи и да употребат знаци за повторување. Потоа секој ја тактира својата вежба.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Како се пишуваат знаците за повторување? Каква функција имаат?

**Средства**

Проектор, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од со учениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ЦЕЛА НОТА И ПАУЗА

**Содржини и поими**

Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Чита парлато нотен запис на едноставна ритмичка вежба на една линија со неутрален слог – та со тактирање; Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање

***Сценарио за час***

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот, преку модели за дропки, ги насочува учениците да ја поврзат содржината со траење на нотите. Ги поттикнува да ги објаснат на свој начин преку дропки, траењето и називот на нотите (половина и четвртина). Потоа ги поттикнува да најдат назив за нотата која содржи две половини ноти и нејзиното траење.

***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот ги запознава учениците со цела нота и пауза, начинот на запишување и траењето. Со техника ***Грозд,*** се прикажуваат нотите и паузите и нивното траење. Се тактираат сите изучени ноти и паузи.

**Активност 3**

Се обработуваат ритмичките вежби. Најпрво се дискутира за нотите и паузите кои се во вежбата, за траењето и начинот на тактирање. Потоа наставникот ги демонстрира вежбите. Учениците ги тактираат индивидуално, а потоа заедно. Вежбите може да се изведат и со детски ритмички инструменти.

**Активност 4**

Наставникот дава насоки за ритмички диктат. Презентира ритмичка вежба со изучените ноти и паузи а учениците ја запишуваат во тетратките. Откако ќе се запише, ритмичката вежба се тактира.

**Активност 5**

Учениците создаваат ритмичка вежба, според насоки на наставникот. Потоа вежбата ја тактираат. Создаваат картички со симболи за секоја нота и пауза. Симболите се одредено движење со телото на одредена нота (на пр. четвртина нота-скок, четвртина пауза.- клекнување. Потоа со помош на симболите, ја изведуваат ритмичката вежба со движење.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Учениците изготвуваат пано на кое ќе ги претстават изучените ноти и паузи.

**Активност 7**

Се реализираат содржините на страница 15 од материјалите за учење.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Колку трае цела нота и пауза?

**Средства**

Проектор, табла, картички со ноти и паузи.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ТОНОВИТЕ ЛА, РЕ И ДО

**Содржини и поими**

Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Чита парлато нотен запис на едноставна ритмичка вежба на една линија со неутрален слог – та со тактирање; Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање.

*Забелешка: Сценариото за час ги содржи содржините и поимите за тоновите ла, ре и до. Овие содржини се обработуваат на одделни часови, но заради истите стандарди и слични активности се вметнати во едно сценарио. Наставникот ги прилагодува содржините во посебни сценарија и ги надополнува со предложените активности од Програмата.*

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги потсетува учениците на изучените тонови (сол и ми). Учениците се поттикнуваат да се присетат на нивната местоположба во петолинието и ги запишуваат во тетратките. Потоа се пеат тоновите сол и ми со цели, половини и четвртини ноти.

**Активност 2**

Наставникот поставува јаже во училницата (или во училишниот двор). Им дава насоки на учениците дека од едната страна на јажето е тонот ми а од другата, тонот сол. Наставникот ги пее двата тона по различен распоред а учениците прескокнуваат преку јажето за соодветниот тон. Потоа наставникот ги пее двата тона на неутрален слог, а учениците според висината прескокнуваат преку јажето на соодветното место.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**

Наставникот ги запознава учениците со тонот ла, односно, до кој тон се наоѓа и каде се пишува (втората празнина). Учениците го запишуваат тонот ла во тетратките со петолиние. Потоа ги пеат тоновите ми, сол и го додаваат тонот ла, а наставникот со движење на раката визуелно ги насочува при пеењето. Се работи вежба каде што учениците треба да додадат тон ла со соодветно траење во непотполните тактови. Се пеат мелодиските вежби (фрагментарно, па целосно). Од страна на наставникот се обрнува внимание на точна интонација.

**Активност 4**

Наставникот им раскажува кратка приказна на учениците за изучените тонови со што е во улога на тонот ре: „Јас сум еден тон и за мене немаше место во петолинието, па убаво си се сместив под него. Најблиску до мене е мојата другарка ми а малку повисоко се моите другари сол и ла“. Учениците
сами откриваат каде се пишува тонот ре. Тонот ре се запишува на табла. Откако учениците ќе го усвојат пишувањето на тонот ре, се насочуваат кон негово интонирање. Се прават и мелодиски комбинации со тонот ре и останатите изучени тонови. Потоа се обработуваат мелодиските вежби (парлато, фрагментарно и целосно).

**Активност 5**

Наставникот ги запознава учениците со тонот до. Го запишува на табла, потенцирајќи дека помошната црта се пишува на исто растојание како и линиите во петолинието, дека прво се пишува црта, а на неа тонот и дека не треба да ја заборавиме цртата при пишување на тонот до затоа што тогаш нема да биде до, туку ќе му го земе местото на ре. Додава зборови за да го објасни тонот до, дека со него почнува основната скала (ороводец, почетен и сл.). Учениците го запишуваат тонот до со сите изучени нотни вредности.

***Завршни активности***
***-извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Се пишуваат сите изучени тонови во насока од горе надолу и обратно. Може да се изработи едноставен диктат така што наставникот ќе ги свири изучените ноти, а учениците ќе ги запишуваат во тетратките со петолиние.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Со кои тонови се запознавме? Каде се пишуваат во петолинието?

**Средства**

Проектор, материјали за учење, јаже, табла.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ВОКАЛНА, ИНСТРУМЕНТАЛНА И ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНА МУЗИКА

**Содржини и поими**

Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет,флејта; детски гласови: дискант и алт).

**Стандарди за оценување**

Разликува композиции од вокална, инструментална и вокално- инструментална изведба;

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците кон дискусија, на кој начин може да се изведе една композиција (се пее, се свири и се пее и свири истовремено).

Наставникот презентира звучни примери (фрагменти) од вокална, инструментална и вокално-инструментална музика. Учениците изработуваат три картички (се пее, се свири и се пее и свири) и при слушањето на звучните примери ја покажуваат соодветната картичка.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 2**

Наставникот ја презентира првата композиција, со претходни насоки, да се обрне внимание кој ја изведува музиката. Учениците внимателно слушаат и по слушањето, заедно со наставникот ги дефинираат поимите во врска со композициите (вокална, инструментална, вокално-инструментална). Може да се дискутира и за темпото, динамиката и карактерот на овие дела. Според интересот на учениците, овие дела можат да се слушаат и повеќекратно. За секоја композиција се повторуваат начинот и пристапот за да се откријат трите видови музика, според изведувачите, да се дефинираат и да се воочат нивните основни карактеристики. Учениците дискутираат за своите впечатоци од композициите кои ги слушаат.

***Танц на шеќерните стапчиња – П.И. Чајковски***
***Ехо – О. Ласо***
***Серенада – Ф. Шуберт***

**Активност 3**

Учениците ги запишуваат насловот на композициите и композиторот во дневникот за слушање музика. Запишуваат и сопствени забелешки.

**Активност 4**

Учениците наведуваат примери за секоја група од различни жанрови и од претходно изучените композиции.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Се повторуваат изучените содржини и се утврдуваат со активностите на страница 21 од материјалите за учење.

**Активност 6**

Наставникот им дава насоки на учениците да слушаат музика во слободното време и да напишат по еден наслов на омилена композиција од трите групи.

**Рефлексија**

Што учевме денес? Која музика ја нарекуваме вокална, инструментална и вокално-инструментална?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ХИМНА

**Содржини и поими**

Видови музика (класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, популарна музика, свечена песна – химна).

**Стандарди за оценување**

Го препознава начинот на изведбата на химната (солисти, хор, оркестар).

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги поттикнува учениците да се присетат на досегашните знаења за поимот химна. Се разговара за симболите на државата и каде се изведува химната.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот ја презентира химната на нашата држава во три различни изведби: вокална, инструментална и вокално-инструментална. Се дискутира кој ја изведува химната, дали карактерот на изведба е секогаш ист, која изведба звучи најсвечено, како треба да се однесуваме кога слушаме химна итн. Се разговара за текстот на химната. Наставникот накратко раскажува за авторите и создавањето на химната на нашата држава.

***Завршни активности***
***-извлекување заклучок:***

Активност 3

Учениците ја изведуваат химната. Посебно внимание се обрнува на правилното пеење и утврдување на текстот. Наставникот дава насоки за истражување за химните на други држави.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Како се чувствуваш кога ја слушаш и пееш химната на нашата држава? На кој начин може да се изведе химната?

**Средства**

Проектор, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ВИДОВИ ГЛАСОВИ

**Содржини и поими**
Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет,флејта; детски гласови: дискант и алт).
**Стандарди за оценување**
Разликува женски, машки и детски гласови.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**
Наставникот ги насочува учениците кон дискусија да го опишат гласот на своите најблиски. Наведува и неколку пејачи и пејачки и ги поттикнува учениците да ги воочат и споредат гласовите (машки и женски).

**Активност 2**
Наставникот презентира звучен пример од детски гласови и со претходната дискусија се дефинираат трите видови на гласови.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**
Наставникот заедно со учениците ги класифицираат гласовите и се запишуваат на табла (машки, женски и детски).
Наставникот презентира примери од музичката литература со изведби на машки, женски, детски гласови, соло, камерни состави и хорски изведби. Примерите се слушаат внимателно. Пожелно е да бидат аудио примери за да можат учениците да ги препознаваат гласовите аудитивно.
Наставникот ги поттикнува учениците сами да ги препознаваат гласовите и составот кој ја изведува композицијата.
Учениците дискутираат за музичките изразни средства и карактерот на

**Активност 4**

Учениците ги претставуваат видовите гласови преку *Грозд техника*, со тоа што, наведуваат музички пример за секоја група.

**Активност 5**

Учениците истражуваат за познати интерпретатори (машки и женски гласови) од различни жанрови. Изработуваат презентација или постер и презентираат. Активноста може да се работи во група или индивидуално.

**Активност 6**

Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за разликите при интерпретација на класична, популарна и народна музика. Се слушаат звучни примери и се дискутираат различните интерпретации.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Се реализираат активностите на страница 25 од материјалите за учење

**Рефлексија**

Што учевме денес? Во колку групи се класифицираат човечките гласови?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ОБРАБОТКА НА ПЕСНА ПО СЛУХ

**Содржини и поими**

Пеење песни по слух во опсег до 1 – до 2.

**Стандарди за оценување**

Пее најмалку 3 песни за деца и/или популарни песни во опсег до 1 – до 2; Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам (забрзување/забавување; појачување/стишување).; Пее песни по слух со текст, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика.

*Забелешка: Сценариото за час за **Обработка на песна по слух** се прилагодува за сите предложени песни во материјалите за учење - **вкупно 10**. Согласно содржината на песната, наставникот ги прилагодува предложените активности (според материјалите за учење и активностите од Програмата) и креира одделни сценарија за секоj час. За обработка на оваа содржина, дадени се подетални насоки во првиот дел од приручникот.*

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот преку дискусија ги воведува учениците за содржината на песната која ќе се обработува. Поставува прашања, презентира илустрација или фотографија и ги поттикнува учениците преку говорна вежба да искажат свое мислење или став. Се прави меѓупредметна интеграција според содржината на песната.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот ги распејува учениците со основната скала и кратки вежби за распејување. Ги насочува учениците кон обработка на песна по слух. Се запишува насловот на табла и се чита текстот. Се дискутира во врска со текстот. Потоа се обработува песната дел по дел. Наставникот придружува со инструмент, со хармонска придружба.

Доколку песната се слуша како звучен пример, наставникот треба да ги насочи учениците прво да ја слушаат песната, па да ја интерпретираат. Но, потребно е да ја пејат и без аудио придружба. Само така ќе можат да вметнат сопствена интерпретација, темпо и динамика.

Наставникот ги потсетува учениците на правилен пејачки став и вокална техника. Им дава инструкции за правилно дишење и за правилно изговарање на зборовите, посебно на самогласките.

Наставникот ги насочува учениците на точна интонација. На овој сегмент треба да се обрне посебно внимание, со повеќекратно повторување, со покажување со раката од страна на наставникот за движењето на мелодиската линија.

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците преку пеење да го доловат карактерот на песната, притоа употребувајќи изразни средства (темпо, динамика, агогика). Песната се пее неколку пати. Може да ја пеат сите ученици, во групи (строфа- една група, рефрен- друга група), солист и група, индивидуално. Учениците можат да се придружуваат со ритмички детски инструменти.

**Активност 4**

Во материјалите за учење, предвидено е дел од песните да се изведуваат со придружба од детски ритмички инструменти со едноставни аранжмани со изучените ноти и паузи. Откако ќе се усвои мелодијата и текстот на песната, се увежбуваат делниците за ритмичките инструменти и потоа се изведува песната со пеење и придружба. Доколку песната нема аранжман, се препорачува свирење на детски ритмички инструменти со импровизација.

**Активност 5**

Според содржината на песната, се осмислува драматизација (дополнително-костими и сцена). Ова може да биде и подготовка за јавен настап. Така учениците ќе ги воочат основните сегменти на едно музичко- сценско дело и ќе бидат вклучени при негова подготовка и реализација. Сите овие активности можат да бидат дел од интегрирана настава со другите наставни предмети, но и да се реализираат на слободни ученички активности.

*Забелешка: Потребно е обработените песни да се повторуваат во текот на целата учебна година. Исто така може да се подготви приредба со сите обработени песни.*

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Наставникот ги насочува учениците креативно да ги искажат чувствата од обработената песна преку цртеж, преку стихови или преку кореографија. Кореографијата ја осмислуваат учениците. Може да биде со усогласени движења или слободно танцување.

**Рефлексија**

Што учевме денес? За што се зборува во песната? Со каков карактер е песната? Дали ја научивте сите?

**Средства**

Инструмент, уред за слушање музика, прибор за цртање.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ЗИМСКА БАЈКА

**Содржини и поими**

Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/создавање).

**Стандарди за оценување**

Свири на детски музички инструменти како придружба на изучените песни и вежби; Креира кратки мотиви и фрази со мелодиски инструменти во музичките игри и музичките приказни.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците кон техниката Петоред на тема зима.

**Активност 2**

Се разговара за годишното време зима и учениците се поттикнуваат да имитираат звуци кои ги има во природата (дување на ветерот, звукот на санките на снеготи сл.).

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците кон активноста Зимска бајка. Заедно се разгледуваат звуците кои треба да се отсвират во бајката. Учениците се договараат на кој начин ќе се изведат звуците (ветер со глисадо на блок флејти, тропкалките − тивко и гласно, триаглот – бавно темпо и сл.) за да се долови вистинскиот ефект. Потоа наставникот го чита текстот, а учениците внимателно следат и на даденото место создаваат соодветни звуци на детски музички инструменти.

**Активност 4**

Учениците дискутираат како да се прошири и дополни Зимска бајка и даваат идеи да се изготви мултимедијална содржина - видео со фотографии,

текст и звуци. Наставникот ги забележува идеите на учениците. Ги поттикнува да бараат соодветни фотографии и им помага при создавање на видеото.

**Активност 5**

Учениците цртаат цртежи поврзани со содржината Зимска бајка. Цртежите се обработуваат во соодветна компјутерска програма и од нив се создава видео.

**Активност 6**

Наставникот ја презентира композицијата Зима- А.Вивалди и ги поттикнува учениците да придружуваат со детски инструменти, следејќи го темпото, динамиката и карактерот на композицијата.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Се реализира активноста *Музикограм* на страница 33 од материјалите за учење. Најпрво се изработува цртеж, потоа се проследува видеото и се повторуваат движењата. Откако ќе се усвојат, движењата се изведуваат со музика без да се гледа видеото. Учениците се поттикнуваат да создадат свој музикограм.

**Рефлексија**

Дали ви се допаднаа активностите од часот? Дали имате други идеи за музичко изразување и творење?

**Средства**

Проектор, уред за слушање музика, материјали за учење, прибор за цртање.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# СТРОФА И РЕФРЕН

**Содржини и поими**

Музички изразни средства (темпо, анданте, алегро, модерато, забавување, забрзување, динамика – форте, пијано, крешендо, декрешендо, строфа, рефрен).

**Стандарди за оценување**

Идентификува строфа и рефрен

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

Активност 1

Наставникот преку слики презентира различни форми на објекти (куќи, станови и др.) кои се составени од еден, два, три или повеќе делови. На тој начин се прави компарација меѓу архитектурата и музиката, односно, дека секое музичко дело има своја градба од неколку делови.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот им посочува на учениците неколку песни со строфа и рефрен каде што може да се воочи дводелноста. Се дискутира за строфа (дел А) и рефрен (дел Б). Наставникот им објаснува на учениците за делото кое ќе го слушаат. Објаснува дека ова дело е приспивна музика и затоа по карактер е нежна музика. Го презентира звучниот пример. Ги насочува учениците да ги воочат двата дела. Композицијата се слуша повеќекратно. Со мимики и гестикулации наставникот ги покажува двата дела. Учениците со кревање рака треба да покажат каде завршува првиот дел, а каде започнува вториот дел. Композицијата се слуша повеќекратно. Учениците преку цртеж ја прикажуваат дводелноста. Дискутираат за разликите помеѓу строфата и рефренот.

***Приспивна песна – Јоханес Брамс***

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците да наведат примери за песна со строфа со рефрен (детски, народни и популарни песни).
Учениците ги пеат песните и дискутираат за дводелноста. Ги анализираат и обработените песни.

**Активност 4**

Наставникот презентира повеќе примери за дводелна форма а учениците ја воочуваат дводелноста. Наставникот дава насоки, учениците да придружуваат со детски музички инструменти. Една група на инструменти свири во А-дел а друга во Б-дел.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**

Во завршниот дел на часот се реализираат активностите на страница 35 од материјалите за учење.

**Рефлексија**

Што учевме овој час?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ФЛЕЈТА

**Содржини и поими**

Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет, флејта; детски гласови)

**Стандарди за оценување**

Препознава кларинет и флејта, визуелно и звучно.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците дека ќе се запознаат со еден инструмент, а ќе откријат за кој инструмент се работи, преку активноста *Детективи*. Учениците се делат во 3-4 групи. Во секоја група се испрашува еден ученик, избран со броеница, со кој наставникот претходно споделил фотографија од инструментот флејта. Учениците поставуваат прашања (за формата, големината, звукот, начинот на свирење и сл.) а ученикот одговара со да или не. Наставникот им помага на учениците при формулирање на прашањата и ја координира играта. Активноста има натпреварувачки карактер, која група прва ќе го открие инструментот. Потоа се дискутира за текот на играта, клучните прашања и решението.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот ги запознава учениците со инструментот флејта. Го презентира инструментот со фотографија или презентација. Ги поттикнува учениците да ја опишат форма, материјал, начинна свирење. Заедно дефинираат.

Се презентира звучен пример. Наставникот го запишува на табла насловот на композицијата и композиторот. Учениците запишуваат во тетратките. Музиката се слуша со внимание. Наставникот со дополнителни прашања ги насочува учениците да го опишат звукот (продорен, нежен и сл.), какви тонови свири инструментот (високи, длабоки), воочување на темпо, динамика и карактер. Потоа наставникот ги насочува учениците да ги опишат доживувањата од композицијата

**Активност 3**
Преку пантомима, учениците го прикажуваат начинот на свирење флејта додека ја слушаат композицијата повеќекратно.

**Активност 4**
Учениците со еден збор или фраза го опишуваат звукот на флејата (пеење на птици, дување ветер и сл.).

**Активност 5**
Наставникот ги запознава учениците со животот и делото на В.А. Моцарт. Ги насочува учениците да истражуваат интересни факти за композиторот и споделува ресурси. Учениците истражуваат и изготвуваат презентација или постер.

**Активност 6**
Наставникот презентира композиции за флејта по свој избор.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**
Наставникот ги поттикнува учениците да направат краток опис за карактеристиките на инструментот флејта. Учениците ги реализираат активностите на страница 39 од материјалите за учење за утврдување на изучените содржини.

**Рефлексија**
Што учевме на овој час? Во која група на инструменти спаѓа флејтата? Опиши го звукот на флејтата.

**Средства**
Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**
Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# КЛАРИНЕТ

**Содржини и поими**

Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет, флејта; детски гласови)

**Стандарди за оценување**

Препознава кларинет и флејта, визуелно и звучно.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците кон техниката *Бура на идеи.* Учениците треба да наведат инструменти кои се изучени претходно или други инструменти кои ги знаат. Се запишуваат инструментите на табла, а потоа со различни бои се групираат во множества: дувачки, жичени и ударни инструменти. Наставникот ги поттикнува учениците да ги наведат општите карактеристики на инструментите во секоја група.

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците да ги опишат дувачките инструменти (материјал од кој се изработени, форма, звук, начин на свирење). Учениците наведуваат и опишуваат неколку инструменти.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**

Наставникот ги насочува учениците да ги решат анаграмите за изучените инструменти во материјалите за учење (изработени на хартија во боја или дигитална содржина). Како последен анаграм е зборот кларинет.

**Активност 4**

Наставникот, преку претходно изработена презентација, ги запознава учениците со инструментот кларинет. Ги поттикнува учениците да го опишат, откако визуелно ќе го воочат.

Следува презентирање на звучен пример за кларинет и аудитивно воочување на звукот. Наставникот го наведува композиторот и делото кое ќе се слуша. Делото се слуша со внимание.

Следува дискусија за бојата на звукот на кларинетот, какви тонови изведува (високи, длабоки), а се дискутира и за темпото, динамиката и карактерот на композицијата. Учениците се поттикнуваат да ги споредат флејтата и кларинетот, и тоа од визуелен и аудитивен аспект.

***КонцертзакларинетиоркестарвоА-дур− В. А. Моцарт***

**Активност 5**

Наставникот презентира видео примери од кларинетот како соло, камерен и оркестарски инструмент. Учениците дискутираат поттикнати од наставникот.

**Активност 6**

Наставникот презентира примери од изведба од кларинет на различни жанрови музика (класична, популарна, народна, џез). Учениците ги воочуваат жанровите и дискутираат за различниот начин на изведба.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

Активност 7

Се реализираат активностите на страница 41 од материјалите за учење, со што се утврдуваат изучените содржини.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Во која група на инструменти спаѓа кларинетот?
Опиши го звукот на кларинетот.

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ОРКЕСТАР

**Содржини и поими**

Музички инструменти и гласови (вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, соло и оркестарска изведба, музички инструменти: кларинет, флејта; детски гласови)

**Стандарди за оценување**

Разликува соло и оркестарска изведба.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги воведува учениците во часот со кратко повторување за вокална музика, видови гласови, вокални состави (преку квиз, дигитални алатки и сл.). Прави паралела со инструменталната музика и со веќе изучените инструменти.

**Активност 2**

Наставникот ги насочува учениците преку анаграм (со картички со букви) да го откријат поимот оркестар. Откако ќе го откријат поимот, се дискутира за оркестар, видови оркестри, диригент. Се споделува визуелна содржина од симфониски оркестар и учениците дискутираат кои групи на инструменти се застапени.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**

Наставникот објаснува дека инструментите изведуваат композиции кои можат да бидат наменети за еден инструмент - соло, неколку инструменти- камерни состави и состави каде се застапени сите групи на инструменти -оркестар (симфониски).

**Активност 4**

Се слушаат музички примери и се коментира составот кој ги изведува. Наставникот го наведува насловот на композицијата и композиторот а учениците запишуваат во дневниците за слушање музика со своја забелешка. Се дискутира за темпото, динамиката и карактерот на композициите. Исто така, се објаснува за диригентот и неговата функција во оркестарот.

***Детска симфонија – Ј. Хајдн***
***Мала ноќна музика – В.А. Моцарт***
***За Елиза – Л.В. Бетовен***

**Активност 5**
Композициите се слушаат повеќекратно, а учениците истражуваат за дополнителни информации. Исто така истражуваат за творештвото на Виенските класичари (колку соло композиции, камерни композиции и оркестарски дела имаат напишано). Истражуваат во три групи (една група за еден композитор) . Ги презентираат информациите и ги споредуваат.

**Активност 6**
Наставникот презентира аудио примери (фрагменти) од соло, камерна музика и оркестар. Учениците воочуваат и одговараат каков состав ја изведува композицијата.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**
Завршна активност е играта ***Подај го топчето***. Сунѓересто топче се подава од еден ученик на друг. Ученикот кој го подава топчето поставува прашање од новата содржина, а ученикот кој го фаќа топчето одговара, и така во круг. Се реализираат активностите на страница 43 од материјалите за учење.

**Рефлексија**
Што учевме на овој час? Што е оркестар? Како можат да се изведуваат инструменталните композиции?

**Средства**
Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**
Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# НАРОДНИ ПЕСНИ

**Содржини и поими**

Народно музичко творештво (народни песни, игри, музички инструменти – кавал)

**Стандарди за оценување**

Идетификува карактеристична народна песна и народна игра/оро од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија.

***Сценарио за час***

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот презентира фрагменти од песни од различни жанрови. Учениците ги воочуваат и ги именуваат жанровите. Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за разликите и сличностите помеѓу различните жанрови (начин на изведба, придружба, содржина, карактер и сл.).

**Активност 2**

Преку дискусија, наставникот ги поттикнува учениците да набројат неколку народни песни кои ги знаат. Се коментираат содржината и карактерот на песните.

***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот раскажува за општите карактеристики на фолклорот и се осврнува на народните песни, на нивното потекло, како се пренесувале, зошто се викаат народни песни. Набројува познати интерпретатори на народни песни. Презентира звучни примери и ги насочува учениците да го воочат текстот. Се разговара за содржината. Наставникот истакнува дека според содржината песните се класифицираат во неколку групи: љубовни, семејни, печалбарски, трудови, родољубиви и сл. Ги поттикнува учениците да набројат неколку песни и според содржината, да ги класифицираат во наведените групи.

**Активност 4**

Наставникот презентира народни песни на другите народи кои живеат во нашата земја. Учениците се насочуваат да ги воочат јазикот и општите карактеристики на песните. Наставникот им го објаснува текстот на песните. Ги насочува учениците да ги воочат сличностите и разликите помеѓу македонските песни и песните на другите народи кои живеат во нашата држава.

**Активност 5**

Наставникот презентира примери од преработки на народни песни од изведувачи на популарна музика. Се слуша една песна во повеќе преработки. Учениците ги дискутираат изведбите и истакнуваат која преработка им се допаднала најмногу и зошто.

**Активност 6**

Учениците усвојуваат народна песна (обработка по слух). Создаваат сопствена кореографија и драматизација според содржината.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**

Наставникот дава насоки за реализирање на активностите на страница 47 од материјалите за учење.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Која е твојата омилена народна песна ? Во која група на песни спаѓа, според содржината?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

Следење на напредокот

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# КАВАЛ

**Содржини и поими**

Народно музичко творештво (народни песни, игри, музички инструменти – кавал).

**Стандарди за оценување**

Препознава кавал, визуелно и звучно

*Сценарио за час*

*Воведни активности*
*-активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот ги воведува учениците во наставната содржина, им раскажува за општите карактеристики на народните инструменти и за тоа колку се различни наспроти класичните, кои се унифицирани.

*Главни активности*
*-искуствено учење:*

**Активност 2**

Наставникот презентира звучен пример за кавал (видео). Ги насочува учениците да го слушаат звукот, да ја воочат формата и материјалот од кој е изработен и начинот на свирење. Потоа, заедно ги дефинираат звукот и начинот на свирење. Наставникот истакнува дека кавалот може да свири соло, два кавала да свират во дует, да биде придружба на глас или да е дел од поголеми ансамбли. Се слушаат звучни примери за кавал, за традиционалната музика на другите народи кои живеат во нашата земја и се воочуваат сличностите во фолклорот на сите народи.

*Завршни активности*
*-извлекување заклучок:*

**Активност 3**

Се реализираат активностите на страница 41 од материјалите за учење, со што се утврдуваат изучените содржини.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Со кој инструмент се запознавме?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# НАРОДНИ ИГРИ

**Содржини и поими**

Народно музичко творештво (народни песни, игри, музички инструменти – кавал).

**Стандарди за оценување**

Идетификува карактеристична народна песна и народна игра/оро од секоја етничка заедница во Република Северна Македонија.

## *Сценарио за час*

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги насочува учениците, часот да го започнат со играње оро со едноставни чекори. Учениците играт оро, а по завршувањето се дискутира за начинот на играње.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот презентира видеа од народни игри и танци од светот, регионот и во нашата земја. Се проследуваат видео примери од македонски ора и игри на другите народи кои живеат во нашата земја. Наставникот ги поттикнува учениците да ги воочат основните карактеристики, сличностите и разликите меѓу различните игри (форма на круг, начин на играње, носии).

***Завршни активности***
***-извлекување заклучок:***

**Активност 3**

Се реализираат активностите на страница 41 од материјалите за учење, со што се утврдуваат изучените содржини.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Дали знаеш да играш оро?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# МАРШИРАМЕ ВО РИТАМ

**Содржини и поими**

Учество во музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер, музички игри поврзани со промени во динамиката, ритамот и темпото)

**Стандарди за оценување**

Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти; Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката и разликите во музичките целини.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот им дава насоки на учениците да станат од столчињата и да почнат да чекорат (неорганизирано). А потоа дава насоки да чекорат додека наставникот брои еден, два, еден, два... Учениците дискутираат за тоа кога биле поорганизирани, дали во првиот или во вториот обид.

**Активност 2**

Преку дискусија насочена од наставникот, учениците го објаснуваат зборот марш: На што ги асоцира? Какви маршови има? Каков е карактерот? Која е намената? Во кое темпо е ? Зошто? Од основните заклучоци од дискусијата се изработува техника *Петоред.*

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 3**

Учениците се запознаваат со поимот марш и неговата намена. Се презентира марш и учениците се насочуваат да го воочат дводелниот ритам. Се разговара за карактерот на композицијата. Се разговара и за различните видови марш (свечен, воен, параден и сл.). Се слушаат соодветни примери.

**Активност 4**

Се презентира марш по избор на наставникот и се работи ***Задача 1*** каде што учениците маршираат во ритам, но изведуваат и движења со рацете и го менуваат својот редослед.

**Активност 5**

Наставникот поставува прашања на кои учениците одговараат: Зошто служи маршот? (За усогласување на чекорите на поголема група на луѓе). Што би се случило ако маршот е во темпо Presto ili Lento? Каков е карактерот на маршот? Што е разликата помеѓу војнички и свечен марш? Учениците одговараат и се надополнуваат меѓусебно.

**Активност 6**

Наставникот предлага неколку звучни примери за марш, а учениците избираат една композиција и создаваат кореографија. Во кореографијата можат да се употребат и детски ритмички инструменти со кои ќе се потенцира ритамот.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 6**

Се проследува анимираниот филм во кој мравките чекорат во ритамот на маршот. Учениците го проследуваат анимираниот филм, а при повторното проследување, чекорат заедно со мравките во ритамот на маршот.

**Рефлексија**

Што учевме овој час? Какви маршови постојат? Во кое темпо се изведува маршот? Која е намената на маршот?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ТАНЦУВАМЕ ВО РИТАМОТ НА ВАЛЦЕР

**Содржини и поими**

Учество во музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер, музички игри поврзани со промени во динамиката, ритамот и темпото)

Стандарди за оценување

Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти;
Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката и разликите во музичките целини.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија за тоа дали кога слушаат музика сакаат да танцуваат и на каква музика најмногу танцуваат. Учениците одговараат и објаснуваат. Наставникот презентира различи жанрови на музика а учениците танцуваат следејќи го карактерот на композициите.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците да се присетат на дводелниот ритам на маршот а со тоа ги насочува да ја почувствуваат пулсацијата на триделниот ритам. Раскажува за танцот валцер. Прави движења во ритамот на валцерот и ја потенцира триделноста (со броење).

**Активност 3**

Наставникот ја презентира композицијата *Валцер на цвеќињата.- П.И.Чајковски* Учениците се поттикнуваат слободно да танцуваат и да го следат карактерот на делото, ритамот, музичките изразни средства.
Се насочуваат да нацртаат цртеж за композицијата.
Делото се слуша повеќекратно. Учениците го запишуваат во тетратките насловот на делото и композиторот.

***Валцер на цвеќињата- П.И.Чајковски.***

**Активност 4**

Наставникот им ја прикажува на учениците шемата на чекори за танцот валцер. Се презентира звучен пример и учениците ги увежбуваат чекорите, најпрво индивидуално, а потоа во парови. Наставникот презентира видео пример со танцување валцер, а учениците дискутираат за начинот на танцување.

**Активност 5**

Наставникот презентираа видео од анимираниот филм *Пепелашка* каде се танцува валцер (интегрирана содржина со музика од анимирани филмови). Учениците го проследуваат видеото и дискутираат за начинот на танцување и композицијата на која се танцува.

**Активност 6**

Наставникот објаснува за балет и се проследува видео од балетот *Лебедово езеро од П.И. Чајковски.* Учениците го препознаваат балетот како вид на танц (информативно) затоа што и во балетот понекогаш се танцува валцер (претходната композиција).

***Завршни активности***
***-извлекување заклучок:***

**Активност 7**

Наставникот презентира видео пример , *На убавиот син Дунав- Ј. Штраус* и им објаснува на учениците дека овој валцер е еден од најпопуларните. Раскажува накратко за Ј. Штраус. Учениците ја слушаат композицијата и танцуваат.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Која е твојот омилен танц? Дали сакаш да танцуваш?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# АЈДЕ ДА ТАНЦУВАМЕ

**Содржини и поими**

Учество во музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер, музички игри поврзани со промени во динамиката, ритамот и темпото).

**Стандарди за оценување**

Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски музички инструменти; Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката и разликите во музичките целини.

***Сценарио за час***

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот презентира музички примери. Преку игровни активности (Музика стоп, Едно столче помалку, Танцувај со марамче, Музички статуи и сл.) учениците танцуваат на различни жанрови. Наставникот ги насочува да го следат ритамот, темпото и карактерот на композициите и соодветно на тоа да танцуваат. Се дискутираат различните жанрови и се препознаваат усвоените поими (валцер, марш, балет и сл.).

***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 2**

Се објаснува за потеклото на танцот, за начинот на искажување на музиката преку танц. Се нагласува дека танцот потекнува уште од првобитната заедница.

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците да ги искажат своите чувства преку танц, за музиката која ја слушаат. Наставникот презентира кратки фрагменти, а секој ученик индивидуално преку танц го прикажува чувството за музиката која ја слуша (со движење, мимики и гестикулации). Останатите ученици ја погодуваат емоцијата која ученикот ја прикажува.

**Активност 4**

Со *Бура на идеи* за видови танци, учениците ги наведуваат танците за кои ги имаат усвоено основните поими (валцер, марш, оро, балет, ла распа, полка и сл) но и танци кои се популарни (самба, танго, хип-хоп и сл.). Наставникот презентира кратки видео фрагменти за воочување на начинот на танцување.

**Активност 5**

Се презентира видео, извадок од анимираниот филм Мадагаскар. Учениците го проследуваат видеото и даваат коментари по завршувањето. Се мотивираат и тие да направат кореографија според музиката од видеото.

***ИзвадокоданимираниотфилмМадагаскар(I like to move it)***

**Активност 6**

Наставникот презентира анаграми од видови танци (картички со букви или во дигитална форма) а учениците ги решаваат.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**

Се проследува видео во кое се прикажани различни стилови на танцување во последните 100 години, подредени по хронолошки ред, а потоа се коментира видеото.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Кој е твојот омилен танц? Дали танцуваш често?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од со учениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# МУЗИКА ОД АНИМИРАНИ ФИЛМОВИ

**Содржини и поими**

Видови музика (класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, популарна музика, свечена песна – химна).

**Стандарди за оценување**

Идентификува во кој вид музика спаѓа новослушната композиција врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала; Наведува најмалку две композиции од секој вид музика.

## *Сценарио за час*

### *Воведни активности -активирање на предзнаењата:*

**Активност 1**

Наставникот развива дискусија со учениците за омилените анимирани филмови. Учениците активно учествуваат. Наставникот ги поттикнува учениците да размислат за музиката во цртаните филмови.

### *Главни активности -искуствено учење:*

**Активност 2**

Наставникот презентира видео од цртаниот филм Том и Џери и ги насочува учениците да ја воочат музиката и инструментите кои ја изведуваат. На дел од видеото наставникот го намалува звукот. Ги прашува учениците дали е исто чувството кога се гледа без звук. Заедно ја дефинираат улогата на музиката и како таа помага при анимација на ликовите. Презентира кратка историја на анимираните филмови. Се проследува видео за концертна изведба на музиката за цртаниот филм Том и Џери. Се дискутира начинот на кој таа се снима.

### *Завршни активности -извлекување заклучок:*

**Активност 3**

Се реализираат активностите на страница 65 од материјалите за учење. На учениците им се задава задача во слободно време да проследат епизоди од анимираниот филм Том и Џери со музичка тематика.

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Кој е твојот омилен жанр?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# ПОПУЛАРНА МУЗИКА

**Содржини и поими**

Видови музика (класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, популарна музика, свечена песна – химна).

**Стандарди за оценување**

Идентификува во кој вид музика спаѓа новослушната композиција врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала; Наведува најмалку две композиции од секој вид музика.

***Сценарио за час***

***Воведни активности -активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот дава насоки за активноста Топ 5 листа на омилени популарни песни. Учениците ја запишуваат на ливче својата омилена песна. Се прави список од напишаните песни. Се слушаат фрагменти. Потоа учениците гласаат за песните. Петте песни со најмногу гласови се запишуваат на хамер и се слушаат за време на одморите. Секој месец се создава нова листа од различни жанрови на музика.

**Активност 2**

Наставникот ги поттикнува учениците да дадат свој личен став за композициите од листата. Зошто им се допаѓаат? Каков е карактерот на песните? Дали музиката е поврзана со текстот?

***Главни активности -искуствено учење:***

**Активност 3**

Наставникот ги поттикнува учениците заедно да го објаснат поимот популарна (поп) музика. Учениците со помош на наставникот, набројуваат различните стилови во популарната музика, набројуваат пејачи, пејачки и групи кои ги знаат.

**Активност 4**

Наставникот презентира звучен пример. Учениците се поттикнуваат да танцуваат. По завршувањето, се опишуваат чувствата. Се разговара за текстот и карактерот на песната (корелација со англиски јазик).

***Фарел Вилијамс – Happy***

**Активност 5**

Наставникот ги насочува учениците да размислат и одберат една фраза со која ќе објаснат кога се среќни (поврзано со текстот на песната). Учениците ги пишуваат фразите на хартија во боја (претходно подготвена од наставникот) и се изработува ***Пано на среќата.*** Се повторува претходно изучената песна ***Штом си среќен.*** Активноста се заокружува со заклучокот дека секое дете заслужува да биде среќно.

**Активност 6**

Наставникот ги насочува учениците да создадат кореографија на песната *Happy* или друга популарна песна по избор.

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 7**

Се реализираат активностите на страница 67 од материјалите за учење. Додека се реализираат овие активности, се слуша популарна музика во изведба на детски хор.

**Рефлексија**

Што учевме овој час? Која е твојата омилена популарна песна ?

**Средства**

Проектор, табла, уред за слушање музика, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

# КАТЧЕ ЗА ПЕЕЊЕ И СВИРЕЊЕ

**Содржини и поими**

Пеење по нотен запис (тонови: до 1, ре 1, ми 1, сол 1, ла 1; траења: четвртина, половина и цела нота и соодветни паузи; знак за повторување; тонови: фа 1, си 1, до 2, само за визуелно препознавање на петолиние).

**Стандарди за оценување**

Чита парлато едноставна мелодиска вежба со именување на тоновите со тактирање; Пее едноставна мелодиска вежба со тактирање; Свири едноставни мелодиски вежби со изучените тонови и траења на ноти и паузи, со одредено темпо и динамика.

***Сценарио за час***

***Воведни активности***
***-активирање на предзнаењата:***

**Активност 1**

Наставникот подготвува активности за утврдување на знаењата за Музичка писменост. Активностите можат да бидат во дигитална форма (wordwall.net, mentimeter.com, kahoot.com и сл.) или во форма на картички, поврзување, игра на асоцијации и сл.

**Активност 2**

Учениците седат во круг. Наставникот подава едно клопче од конец на еден ученик и му поставува прашање. Ученикот одговара го одмотува конецот и го подава клопчето на друг ученик и му поставува прашање. Така продолжува додека не одговорат сите ученици по едно прашање. Се плети мрежа на знаење. Оваа техника е значајна, затоа што се вежба техниката на поставување и одговарање на прашања.

***Главни активности***
***-искуствено учење:***

**Активност 3**

Се обработуваат мелодиските и ритмичките вежби. Може да се комбинираат (една ритмичка, една мелодиска). Се обрнува внимание на правилното тактирање (рамномерно), без тропање по клупите (ударот се одбележува со врвот на прстот). Исто така, се обрнува внимание и на точната интонација кај мелодиските вежби. Може да се придружува и со инструмент од страна на наставникот. Вежбите се работат фрагментарно, па целосно. Се препорачува, посебно ритмичките вежби, да се изведуваат индивидуално.

**Активност 4**

Сите вежби може да се свират со ДМИ. Учениците се поттикнуваат да им додадат знаци за темпо и динамика на вежбите и да ги применат при изведбата. Може да пробаат на повеќе начини и да го одберат најдобриот, со тоа што ќе се насочат да дадат карактер на вежбата (весело, нежно, маршовито и сл.)

***Завршни активности -извлекување заклучок:***

**Активност 5**

Учениците се делат во групи и секоја група подготвува изведба на мелодиските вежби. Учениците сами креираат придружба (може со инструменти, со плескање со рацете, кликање со прстите и сл.).

**Рефлексија**

Што учевме на овој час? Дали сакаш повеќе да пееш мелодиски или да тактираш ритмички вежби? Зошто?

**Средства**

Проектор, табла, музички инструмент, детски музички инструменти, материјали за учење.

**Следење на напредокот**

Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; индивидуална практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практична изведба во група.

## Композиции за слушање музика

1. К. Сен-Санс – Карневал на животните (Царски марш на лавовите) (анданте)
   https://youtu.be/rE4CATvZ188
2. К. Сен-Санс – Карневал на животните – Кенгури (модерато)
   https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk
3. К. Сен-Санс – Карневал на животните – Финале (алегро)
   https://www.youtube.com/watch?v=FPwqWgltUDo
4. Е. Григ – Пештерата на шумскиот крал
   https://youtu.be/r_Dk4oWGJQ
5. Л.В. Бетовен – Петта симфонија (фрагмент)
   https://youtu.be/_4IRMYuE1hI
6. Sing, sing, sing – Оркестар од детски музички инструменти
   https://www.youtube.com/watch?v=SpliR8ATC7M
7. А. Вивалди – Есен
   https://youtu.be/H7hGiZ579cs
8. В. А. Моцарт – Турски марш
   https://youtu.be/HMjQygwPI1c
9. О. Ласо – Ехо
   https://youtu.be/kPXZy_a39NA
10. Ф. Шуберт – Серенада
    https://youtu.be/0bjB-IWEYI0
11. Химна на Република Северна Македонија
    https://youtu.be/o0Q2iFU-WMU (инструментална)
    https://www.youtube.com/watch?v=yKuD6FzAVfE (вокално-инструментална)
    https://www.youtube.com/watch?v=eRh9YAGnkcg (вокална)
12. Пентатоникс – Танцот на шеќерните стапчиња
    https://youtu.be/jt3oAyK_IG8
13. Хорот на виенските момчиња – Wellerman
    https://www.youtube.com/watch?v=_QZcLb_hBU8
14. Божиќна песна
    https://youtu.be/lzPzN4Mr5lc
15. Песна за Бајрам
    https://youtu.be/te461mleMgg
16. А рам, сам, сам
    https://www.youtube.com/watch?v=0cqT3681KEs
17. Штом си срекен (англиски)
    https://youtu.be/hwTwt4oIW3U

18. Штом си среќен (француски)
https://youtu.be/vOX_ZHgRlRo
19. Штом си среќен (шпански)
https://youtu.be/e0ZsQ_MZImM
20. Музикограма
https://youtu.be/rL4_yrRvExk
21. Ј. Брамс – Приспивна песна
https://youtu.be/t894eGoymio
22. Ј. Брамс – Унгарски танц бр. 5
https://youtu.be/Nzo3atXtm54
23. В. А. Моцарт, класична музика за деца – музика за флејта
https://www.youtube.com/watch?v=v0UcnIXGNSM
24. В. А. Моцарт, класична музика за деца – музика за флејта
https://www.youtube.com/watch?v=v-zkDkPkDps
25. Концерт за кларинет и оркестар во А-дур – В.А. Моцарт
https://www.youtube.com/watch?v=YT_63UntRJE&t=9s
26. Џорџ Гершвин – Рапсодија во сино, концерт за кларинет
https://www.youtube.com/watch?v=ie-TS-BitnQ
27. Детска симфонија – Ј. Хајдн
https://youtu.be/0wQoRTBg49M
28. Мала ноќна музика – В.А. Моцарт
https://youtu.be/FVTXlRxVdEY
29. За Елиза– Л.В. Бетовен
https://youtu.be/_mVW8tgGY_w
30. А. Вивалди – Пролет (прв став)
https://youtu.be/6HE4fpouICE
31. Хор Македониум– Ако одам во Битола (слушање, машки хор)
https://www.youtube.com/watch?v=1Z_EaMZTPZ8
32. СИРМА – Доне мамино (слушање и пеење по слух)
https://www.youtube.com/watch?v=Fdrn3BJbanYАнсамбл
33. Есма Реџепова – Ерделези
https://www.youtube.com/watch?v=UiIcfH0_Z3g
34. Неџмије Пагаруша – Ани море нусе
https://youtu.be/z8OAz1HpBpg
35. Дуње ранке
https://www.youtube.com/watch?v=YDbIh8lUagw
36. Амира Медуњанин – Мој дилбере
https://youtu.be/gESuSqEj12g
37. Тоше Проески, влашка песна
https://www.youtube.com/watch?v=KT_n1CofZV0
38. Ертугрул и Аслихан Еркиси – Вардар оваси
https://youtu.be/gkUr2HizfGA

39. Васка Илиева – Засвирил Стојан, посвирил (глас и кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=2YD8Pcwe8sM
40. Кавал езгија – Шупли камен
https://youtu.be/rwMkBhG2Ke4
41. Албанска народна музика (кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=HHGhrHOt2EU
42. Турска народна музика (кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=5b-vlg4RsCo
43. Српска народна музика (кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=GJjryyq2zrY
44. Турска народна музика (кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=5b-vlg4RsCo
45. Влашка народна музика (кавал)
https://www.youtube.com/watch?v=BWmbmsWDvT0
46. Л.В. Бетовен – Ода на радоста
https://youtu.be/-kcOpyM9cBg
47. Македонска народна игра
https://youtu.be/EO18yDKisSA?list=RDEDe34Z3aAmc
48. Албанска народна игра
https://youtu.be/_XKMVtOQWZM
49. Турска народна игра
https://youtu.be/s_8dRHDClSw
50. Ромска народна игра
https://youtu.be/Wu4eZhNdt4k
51. Српска народна игра
https://youtu.be/ILSy9tIiQYE
52. Влашка народна игра
https://youtu.be/SaLuDzmxr30
53. Бошњачка народна игра
https://youtu.be/4BCcAYp5s1I
54. Г. Фучик – Голем хроматски марш
https://youtu.be/a6xxOlz5Yk0
55. Марш на мравките
https://youtu.be/Pjw2A3QU8Qg
56. П.И. Чајковски – Валцер на цвеќињата
https://youtu.be/QxHkLdQy5f0
57. Ј. Штраус – На убавиот син Дунав
https://youtu.be/cKkDMiGUbUw
58. С. Прокофјев – Пепелашка
https://www.youtube.com/watch?v=TZBOaSjOZ-8
59. П.И. Чајковски – фрагмент од балетот Лебедово езеро
https://www.youtube.com/watch?v=gP132E-xABg

60. Извадок од анимираниот филм Мадагаскар (I like to move it)
    https://www.youtube.com/watch?v=hdcTmpvDO0I
61. Различни стилови на танцување во последните 100 години
    https://www.youtube.com/watch?v=0n-bVfI8vOc
62. Том и Џери – Концертна изведба на музика за анимиран филм
    https://youtu.be/QpEfHVFilRc
63. Фарел Вилијамс – Happy
    https://youtu.be/ZbZSe6N_BXs

# ПРИЛОГ - ПРЕВОД НА ПЕСНИТЕ ЗА ОБРАБОТКА ПО СЛУХ И НОТИ

## Превод на албански јазик

### ZILJA E SHKOLLËS



# VENDI IM

Muzika: J. S. Bah




Aty kam unë shok't e mi,
aty kam dhe lumturinë,
farefisin, miqësinë,
mirësinë dhe dashurinë.
Dua t'jem në vendin tim,
ta shijoj me plot gëzim.

## A RAM SAM SAM

(Këngë popullore marokiene për fëmijë)

Njëjte vetem me shkronja ne shqip



## NËSE JE I LUMTUR




Nëse je i lumtur ti luaj me gishta,
nëse je i lumtir ti luaj me gishta,
nëse je i lumtur ti dhe don të tjerët ta kuptojn',
nëse je i lumtur ti luaj me gishta.

Nëse je i lumtur ti trokit me këmbë,
nëse je i lumtur ti trokit me këmbë,
nëse je i lumtur ti dhe don të tjerët ta kuptojn',
nëse je i lumtur ti trokit me këmbë.

Nëse je i lumtur ti therrit URA,
nëse je i lumtur ti therrit URA,
nëse je i lumtur ti dhe don të tjerët ta kuptojn',
nëse je i lumtur ti thërrit URA.

Nëse je i lumtur ti bëji të gjitha,
nëse je i lumtur ti bëji të gjitha,
nëse je i lumtur ti dhe don të tjerët ta kuptojn',
nëse je i lumtur ti bëji të gjitha.

# VITI I RI


Fes-tat po af–ro-hen, gë-zi-met na shto-hen, o sa lum-tu-ri, o sa mre-ku-lli,
bre-dhi i sto-li - sur, bu-kur i qën-di- sur, o -sa lum-tu- ri, o-sa mre-ku -lli.
Vi - ti Ri na er - dhi, me dhu-ra-ta plot’, për mu dhe për ty do vij’ për çdo mot,
Vi -ti Ri na er - dhi, o sa lum-tu- ri, tro-ket në çdo der’ dhe gë-zon çdo fë-mij’.

## HËNA DHE DIELLI



# YLLI VOGËL TI NDRIÇO



# ERDH PRANVERA, ERDH PRANVERA



## VEMI O VEMI

Populore shqiptare




KËTU DUHET TË VËNDOJ PËR DËGJIM MUZIKE PJESË KORALE ME KËNGËN VEMI O VEMI.

(линк за слушање) https://www.youtube.com/watch?v=aUpFlLu-CI4

## ODA E GËZIMIT

Muzika: L. v. Betoven



## ODA E GËZIMIT







Se a - ta që mbyt mër - zi - a, ti së - rish e gja - llë - ron.
Vë - lla - zro – het nje - rë - zi - a, fry - ma jo - te ku - do shkon.

## VALLJA E MREKULLUESHME



## Превод на турски јазик

# OKUL ZILI



## BENIM ÜLKEM

Müzik: J.S. Bah




Arkadaşım orada, mutluluğum orada,
akrabalar ve dostluklar, nezaketler, sevgiler.
Ülkemi seviyoruz, sevinçle tadını çıkarın.

## A RAM SAM SAM

(Çocuk Fas halk şarkısı)



# EĞER SEN DE MUTLUYSAN




Eğer sen de mutluysan, alkışla,
eğer sen de mutluysan, alkışla,
eğer sen de mutluysan ve bunu biliyorsan,
eğer sen de mutluysan alkışla.

Eğer sen de mutluysan ayağınla vur,
eğer sen de mutluysan ayağınla vur,
eğer sen de mutluysan ve bunu biliyorsan,
eğer sen de mutluysan ayağınla vur.

# YENI YIL ŞARKISI



# AY VE GÜNEŞ


Ben ge - ce - yi ay- dın-la-tan a - yım, kü-çük ço-cuk-la - rı ben u - yu-tu - rum.
Ben Gü - ne - şim, gün-düz sı-cak-lık ve-ri-rim, kü-çük ço-cuk-la - rı çok se-ve - rim.


Bi - ri ge - ce, di - ğe - ri gün - düz, sa - rıl -dık a - ya - ğa kalk - tık’
La la la la, la la la la, la la la la, la la la la.
yıl - dız - lar - la, çi - çek - ler - le, gü - zel şar - kı söy - lü - yo - ruz
La la la la, la la la la, la la la la, la la la la.

## KÜÇÜK YILDIZ PARLIYOR



## BAHAR GELDI


Ba-har gel - di, ba-har gel-di, bül-bül şar - kı söy - lü - yor.
Ba - har gel- di, ba - har gel-di, do - ğa gü - zel le - şi - yor.
Ba - har gel - di, ba - har gel - di, Gü - neş şim - di par - lı - yor.
Ba-har gel - di, ba-har gel - di, ço - cuk - lar se - vi - ni - yor.

# DELILO

Halk türküsü




2. Dama cıkmış bir güzel,
   Delilo, delilo, destane.
3. Damın etrafın gezer,
   Delilo, delilo, destane.
4. Elinde bir deste gül,
   Delilo, delilo, destane.
5. Kendisi gülden güzel,
   Delilo, delilo, destane.

(линк за слушање)

https://www.youtube.com/watch?v=_AwwokHDgA8

# KARDEŞ OLUN EY İNSANLAR

Müzik: L. v. Betoven




Kar - deş o - lun hey in - san - lar, bu - nu is - ter tan - rı - miz.
Bu dün-ya - da her şey ge - çer, yan - lız sa - na dost ka - lır.
Kar-deş o - lun hey in - san - lar, bu - nu is - ter Tan - rı - mız.

## MÜKEMMEL DANS

Müzik: W.A. Mocart



## Превод на српски језик

### БИМ, БАМ, БИМ, БАМ



# Ах, што волим

музика Ј. С. Бах




Волим игре, шале све,
Ал не волим људе зле.
Волим оца, мајку милу,
Доброг брата, сестру чилу.
Волим цвеће, птица лет,
Волим, волим читав свет.

# Кад си срећан




2 . Кад си срећан прстима пуцкетај ти

3. Колена потапши ти,

4. Лупи ногама у под,

5. Викни гласно ти ура,

6. Ти понови ово све

## Нова година


Праз-ни-ке нам сти- -жу, ра -до-сти у ни - зу, сви смо ве-се- ли, рас- пе-в а -ни,
за- ми-сли-те же-љу сви, не-ка бу-де љу-ба-ви, сву-да о-ко нас, пе-вај-мо на глас.
До- Ђи Но-ва го-ди-но, сад у о- вај час и да - ро -ве но- си за сва - ког од нас,
сре-ћа не-ка си- ја сад у сва- ки наш дом , сре-ћна Но-ва го-ди-на да пе- ва -мо на глас.

## МЕСЕЦ И СУНЦЕ



## Блистај звездице



## ПРОЛЕЋЕ НАМ ДОЛАЗИ



# Ода радости

Л. в. Бетовен



# Гле, игре ли красне

В. А. Моцарт



## Ајде Като




Не могу ти господине, нема сјајне месечине.
Упалићу три фењера, водићу те до целера.
У целеру јака суша: ти си, драга, моја душа.

(линк за слушање) https://www.youtube.com/watch?v=O_3YyVPTIoY

## Превод на босански јазик

### Bim, bam, bim, bam



## Ah, što volim




Volim igre, šale sve,
Al` ne volim ljude zle.
Volim oca, majku milu,
Dobrog brata, sestra čilu.
Volim cvijeće, ptica let,
Volim, volim cijeli svijet.

## Kad si sretan




2. Kad si sretan, zapucketaj prstima
3. Potapšajte koljena,
4. Lupni nogama o pod,
5. Glasno vičite ura,
6. Ponovite ovo sve

# Nova godina


Praz – ni-ci nam sti - žu, ra - do-sti u ni - zu, svi smo ve-se-li, ra - spe-va-ni,
za- mi- sli- te že-lju svi ne-ka bu-de lju-ba-vi, svu-da o-ko nas, pije-vaj-mo na glas.
Do- đi No-va go-di-no, sad u o- vaj čas i do- ne-si da - ro-ve sva-kom od nas,
sre-ća ne-ka si-ja sad u sva -ki naš dom, sre-ćna No-va go-di-na pije-vaj-mo na glas

## Mijesec I Sunce



# Sijaj, sijaj zvjezdice



## Proljeće nam dolazi



# Oda radosti


Ra-dost kra - si sve lje - po - te, Kće – ri iz E - li - zi - ja,
O - poj - na ti moć kra - so - te uz - vi - še - na mi - si - ja
Tvo -je sno - ve ve – žu ni – ti, što ra – sta – vi mno - ga zla
Svi će lju - di bra-ća bi - ti, kri - lo tvo - je spa - jat' zna.

## Gle igre li krasne



## Moj dilbere




Povedi me u čaršiju,
Aj, pa me prodaj bazardžiji

Uzmi za me oku zlata
Aj, pa pozlati dvoru vrata

(линк за слушање) https://www.youtube.com/watch?v=WTXeRRVcs7M

## Превод на ромски јазик

### BIM,BAM,BIM,BAM




Bim bam bim nam alo avgo ari
Bim bam bim nam alo avgo ari
Ajde mangle čhavalen slikljovni adžikerela,
Te sikljova te gjiljava, lošalo te ovel svako ari
Te sikljova te gjiljava, svako ari.

## Bijando Than




Bijando Than

Mangava giljajbe so ka šunav čhirikle.
Mangav veša lenja bare tato kham thaj čharja šuze
Mangav lulugja šuze te ujrav ko mo than.

## Chonut thaj Kham



## Rosali Chereni




Rošar, rošar chereni, devrijal ko učipa.
O kham thaj mesecina tuja thane svako rat.
Tiro šuzo rošibe lošalipe kerel man

# Nevo bersh


Bi – dzu-ko a – ve - la, ba-ri bah a – ve - la, cha-ve bah-ta-le, gji – lja- vut-ne,
I El – ka dzin-dzu-ri-mi, dre-zo-non rosh-ni-ja, sa ta-no shu-zho sa I ma-gich-no
A – va ne-vo ne-vo bersh, a – va tu amen-de pa – ke – ti – ja I - si - sa - ri - nen-ge -e
strel-ke chim khu-ve-na ko cha- chut- no- o ari bah-ta – lo Ne-vo bersh amen ka gji-lja – a - va

## ALO NILAJ




Alo nilaj, alo nilaj, čhirikle giljaven
Alo nilaj, alo nilaj čharjalo ko mo than
Alo nilaj, alo nilaj kham tato rošarel,
Alo nilaj, alo nilaj bahtale lošale

## Ода на радоста




Lošalipe, thaj šuzipe
chaj tari elizija
Bah frdeja te vileja
Devlikano baripe

Tire sune čače oven
O bilacipe ka frden
O phralipe te araken
To šuzipe ka diken

Bahtale te oven sare
Mangipe te sikaven
Pral pralipe te ikeren
O dzivdipe te mangen

Amaleske amal te ove
Sikav tiro baripe
Manusipe te sikava
O losalipe te manga

## Te sijan bahtalo




Te sijan bahtalo mechin tu te naencar,
Te sijan bahtalo mechin tu te naencar.
Te sijan bahtalo hem te mangljan
Sarinen te oven
Te sijan bahtalo mechin tut e naencar

Te sijan bahtalo khuv tu te pirencar,.
Te sijan bahtalo khuv tu te pirencar,.
Te sijan bahtalo hem te mangljan sarinen te oven
Te sijan bahtalo khuv tu te pirencar

Te sijan bahtalo vikin ura
Te sijan bahtalo vikin ura
Te sijan bahtalo hem te mangljan sarinen te oven
Te sijan bahtalo vikin ura

Te sijan bahtalo akana palemker,
Te sijan bahtalo akana palemker,
Te sijan bahtalo hem te mangljan sarinen te oven
Te sijan bahtalo akana palemker

# Šuzi khelin

V.A.Mocart




Šuzi khelin

Savi loš kerela I khelin amen trala
la, la,la, la, la, la, la, la, la, la, la,
Šun avazi vazdelman taro gudlo suno
trala la,la,la,la,la,la,la,la,la,la,la

Павлинка Вељаноска   Теута  Алими-Селмани

# РАСТЕМЕ СОМУЗИКА 4

материјали за учење по предметот Музичко образование

четврто одделение



м-р Павлинка Вељаноска м-р Теута Алими-Селмани

# РАСТЕМЕ СО МУЗИКА 4

материјали за учење по Музичко образование

четврто одделение





Драги ученици, добредојдовте во волшебниот свет на музиката!

На ова наше патување, ќе пееме, ќе танцуваме, ќе свириме, ќе слушаме музика, ќе цртаме, ќе учиме...

Ќе другаруваме со музиката.

Со музиката, секој ден ќе ни биде поубав!

За патувањето да биде успешно, следи ги знаците:

Научи!

Размисли и одговори!

Слушај внимателно!

Пеј!

Научи повеќе!

Свири!





## БИМ, БАМ, БИМ, БАМ




Бим, бам, бим, бам,
ѕвонче шири глас.
Бим, бам, бим, бам,
дојде први час.

Ајде мили дечиња,
училиште ве чека вас.
Да учиме, да пееме,
весел да е секој час.

# ДА ЈА ЧУВАМЕ ПРИРОДАТА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ



Нашата земја изобилува со природни убавини, реки, езера, планини. Дали се грижиш за природата и за здравата животна средина? На кој начин го правиш тоа?

## *Пеење*

Прочитајте го текстот на песната! Потоа научете да ја пеете! Пејте ја сите заедно, па во групи!

### Роден крај

Музика: Ј.С. Бах






Колку сакам ѕвонлив смев,
луѓе добри, весели.
Сакам шуми, реки, поле,
гори вишни, неба сини.
Сакам песни, птици в лет,
јас го сакам овој свет.





## *Пееме и тактираме*

***Задача 1***. Број рамномерно еден, два, три, еден, два, три!... На еден плесни со рацете, а на два и три кликни со прстите! Навежбај го добро ова тактирање!

Откако ќе навежбаш, на тој ритам почни да ја пееш песната Роден крај.




***Задача 2***. Може да дополниш и со други движења (на пример: тропкање со нозете, тропкање по колената).

Но, внимавај тактирањето да е рамномерно!

***Задача 3***. Во рамномерен ритам тактирај со движењата дадени на сликата! Откако ќе навежбаш, обиди се да прилагодиш песничка или создај твоја мелодија на ритамот!



# ТЕМПО

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Присетете се на композициите кои ги слушавте во претходните одделенија! Некои од композициите се изведуваа брзо, а некои бавно. Брзите композиции најчесто се весели, игриви, а бавните се нежни, понекогаш тажни.

## *Научи!*



Модерато (moderato) - умерено



Анданте (andante) - чекорејќи



Алегро (allegro) - брзо, весело

Брзината со која се изведуваат композициите се нарекува **темпо**.
Има три основни групи темпо:
**брзо, бавно и умерено**.

Во секоја од трите групи темпо има називи кои го дообјаснуваат темпото, односно начинот на изведба. Таквите називи се земени од италијанскиот јазик. Во Италија се користат во секојдневниот говор, но во музиката се користат секаде во светот.

## *Слушај внимателно!*

К. Сен-Санс: Карневал на животните – *Царски марш на лавовите (анданте), Финале(алегро), Кенгури (модерато)*.

## *Размисли и одговори!*

Што мислиш, зошто **Царски марш на лавовите** е во темпо анданте?
Присети се на сцена од анимираниот филм **Кралот лав**! Со која брзина се движи кралот лав до местото каде што треба да биде крунисан?
Со која брзина се движат кенгурите, дали можат да трчат брзо како газелата? Зошто?
**Финале** е последниот став и затоа завршува брзо и весело, како крај на една убава музичка приказна за животните.

## *Научи повеќе!*



*Камиј Сен-Санс* е француски композитор. Тој напишал многу композиции. Најпознато негово дело е свитата *Карневал на животните*.

## *Игровни активности*

***Задача 1***. Одреди на што те асоцира сликата: анданте, алегро или модерато!









## *Научи повеќе!*

Сигурно се двоумеше додека ги пишуваше одговорите погоре. На пример: автомобилот почнува побавно, па забрзува, а кога треба да застане ја намалува брзината. Исто така, и во некои композиции има промена на темпото, односно има забрзување и намалување на брзината на темпото.

## *Слушај внимателно!*

Слушни го следниот пример и воочи ја промената на темпото:

Е. Григ – Пештерата на шумскиот крал.

# ДИНАМИКА

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

Музиката може да биде тивка и гласна, постепено да се засилува и постепено да се стишува. Дали сте ги приметиле овие промени во некоја музичка композиција?

***Научи!***



Различната јачина со која се изведува една композиција се нарекува ***динамика***.
Основни динамички знаци се:
f – *форте (гласно)* и
p – *пијано*



Во музичките композиции јачината може постепено да се засилува или постепено да се стишува. Постепеното зголемување на јачината во музиката се вика *крешендо (crescendo)* и се бележи со знакот .

Постепеното намалување на јачината во музиката се вика *декрешендо (decrescendo)* и се бележи со знакот .

***Научи повеќе!***

Знаците за динамика се пишуваат под нотниот текст, под петолинието и го насочуваат изведувачот со која јачина да ги изведува тоновите. Називите за динамика се земени од италијанскиот јазик, исто како и називите за темпо.

***Слушај внимателно!***

Л.В. Бетовен – *Петта симфонија* (фрагмент).
Слушај ја композицијата внимателно и воочи форте, пијано, крешендо и декрешендо!

***Научи повеќе!***



Лудвиг ван Бетовен е германски композитор. Тој се смета за еден од најпочитуваните, најпопуларните и највлијателните композитори на сите времиња.

## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Напиши ги основните знаци **p** *(пијано)* и **f** *(форте)* според илустрациите!








___________ ___________ ___________ ___________ ___________ ___________

***Задача 2.*** Поврзи!

| | |
|---|---|
| *p* | *декрешендо* |
|  | *гласно* |
| *f* | *тивко* |
|  | *крешендо* |

***Задача 3.*** Заокружи!

| | | |
|---|---|---|
|  | *f* | *p* |
|  | *f* | *p* |
|  | *f* | *p* |
|  | *f* | *p* |
|  | *f* | *p* |

# ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Наведи неколку музички инструменти. Дали досега си свирел/-а на некој инструмент? Кој инструмент ти е омилен?

## *Научи!*

Покрај класичните и фолклорните инструменти, постојат и ***детски музички инструменти***. Тие можат да бидат ***ритмички*** (тапан, барабан, дајре, стапчиња, тропалки, кастањети, чинели, триангл, прапорци) и ***мелодиски*** (ксилофон, металофон, ѕвончиња, тимпани, блок флејта).



## *Слушај внимателно!*

Проследи го видеото со изведба на детски музички инструменти!
***Sing, sing, sing* – Оркестар од детски музички инструменти**.
https://www.youtube.com/watch?v=SpliR8ATC7M

## *Научи повеќе!*

Детските музички инструменти се нарекуваат и *Орфови инструменти*. Името го добиле по германскиот композитор *Карл Орф*. Тој создал метод на едноставно музицирање, со кој децата на лесен начин ги совладуваат техниките на свирење на овие инструменти.



## *Златна есен*

***Задача 1*. Есенска работилница за инструменти.**

Може сами да изработите инструменти од есенски плодови. Употребете семки од плодови, костени, сува пченка, тиква, суви лисја и сè друго што ни дарува природата во есен! Бидете инвентивни, користете пластични чаши, стапчиња, шишиња! Истражувајте со звукот! Кога вашиот инструмент дава поубав звук, кога е полн или кога е празен? Богато украсете ги садовите! Овие инструменти користете ги за да се придружувате додека пеете или, пак, да придружувате некоја композиција. За да го слушнете звукот, а сето тоа во знакот на есента, за почеток придружувајте ја композицијата ***Есен*** од *А. Вивалди*.






# ПОЛОВИНА НОТА И ПАУЗА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Нотите и паузите се знаци со кои се запишува музиката. Присети се со која нота и пауза се запозна минатата година! Колку удари трае?

## *Научи!*



**половина нота**

***Половина нота*** трае два удара, исто како и ***половина пауза***. Половина нота се пишува со нотна глава (која е неизбоена за разлика од четвртина нота) и нотен врат, а половина пауза се пишува како правоаголник над третата линија во петолинието или над линија во ритмичките вежби.



**половина пауза**

## *Тактирај*

Тактирај половини ноти и паузи! Кога тактираш половина нота на неутрален слог, изговараш еднаш **та**, а тактираш два удари. Кога тактираш половина пауза, два удари не изговараш ништо.

## *Ритмички вежби*

Ритмичките вежби се пишуваат на една линија затоа што со нив се утврдува само траењето на нотите и паузите. Разгледај кои ноти и паузи се употребени и присети се за нивното траење! Тактирај рамномерно и изговарај на неутрален слог **(та)**, според траењето на нотите и паузите! Вежбите свири ги со детски ритмички инструменти!

**1.**



**2.**



# ЗНАК ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Во музиката многу често има повторување на музичките целини. Дали си забележал/а дека во песните има повторување на делови од мелодијата сосема исто или со мали разлики?

## *Научи!*

Кога некој дел во музиката се повторува сосема исто, за да не се испишуваат истите ноти се користи ***знак за повторување***. Кога во музичкиот текст ќе наидеме на знак за повторување, тоа значи дека треба да се вратиме од почеток. Знакот за повторување се пишува со две тактови црти, од кои едната е задебелена и со две точки во втората и третата празнина.



## *Ритмички вежби*

Тактирај ја ритмичката вежба! Кога ќе ја истактираш до крај, врати се повторно од почеток, односно примени го знакот за повторување!



## *Научи повеќе!*

Понекогаш во некои композиции се повторува само еден дел, а не од почеток. Затоа се става знак за повторување и на местото од каде што треба да се повтори, односно, со точките се одредува делот кој треба да се повтори. Како што е покажано во примерот, тактираме до крај и се враќаме да го повториме делот кој е обележан со знаците за повторување.



# ЦЕЛА НОТА И ПАУЗА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Веќе се запозна со четвртина и половина нота и пауза. Присети се на нивното траење и тактирај ги неколку пати! Напиши ритмичка вежба каде што ќе ги употребиш изучените ноти и паузи!

## *Научи!*

**_Цела нота_** трае четири удара, исто како и **_цела пауза_**. Цела нота се пишува само со нотна глава (која е неизбоена), а цела пауза се пишува како правоаголник под четвртата линија во петолинието или под линија во ритмичките вежби.



**цела нота**



**цела пауза**

## *Тактирај*

Тактирај цели ноти и паузи! Кога тактираш цела нота на неутрален слог, изговараш еднаш **та**, а тактираш четири удара. Кога тактираш цела пауза, четири удара не изговараш ништо.

## *Ритмички вежби*

Тактирај ги ритмичките вежби во кои се употребени изучените ноти и паузи! Најпрво разгледај кои ноти и паузи се употребени! Обиди се да ги свириш со детски ритмички инструменти!

1.



2.



## *Музичка математика*

***Задача 1.*** Во музиката има многу математика. Поврзи го траењето на нотите со математичките вредности на дропките! Според таа поврзаност нотите го добиле називот и нивната вредност.




***Задача 2.*** Реши ги музичките задачи! Решението треба да биде претставено со една нота или пауза. Може и вие да креирате музички задачи и да ги решавате.



***Задача 3.*** Дополни ги празните тактови! Потоа тактирај ги вежбите или свири ги со детски ритмички инструменти!




### *Научи повеќе!*

Постои и бревис нота која трае осум (8) удара, но ретко се употребува.



# ТОНОТ ЛА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Присети се на тоновите сол и ми со кои се запозна претходно! На кое место во петолинието се пишуваат? Од што е составено петолинието?

## Научи!

***Тонот ла*** се пишува во втората празнина во петолинието.



## Напиши!

Дополни ја мелодијата со тонот **ла** со соодветна нотна вредност!



## Мелодиски вежби

Отпеј ги мелодиските вежби! Обрни внимание на траењето на нотите и на точната интонација! Обиди се мелодиските вежби да ги свириш со детски мелодиски инструменти (ксилофон и блок флејта).

1. 

2. 

# ТОНОТ РЕ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Се запозна со тоновите *сол*, *ми* и *ла*. Каде се пишуваат овие тонови во петолинието?

## *Научи!*

Тоновите се пишуваат на линиите и во празнините во петолинието, но и под и над петолинието. Тонот ***ре*** се пишува под петолинието.



## *Напиши!*

Напиши ги имињата на следниве тонови:



## *Мелодиски вежби*

Отпеј ги мелодиските вежби! Обрни внимание на траењето на тоновите и на точната интонација! Придружувај се со детски музички инструмент! Вежбите може да ги пееш и свириш заедно со твоите другарчиња.

**1.** 

**2.** 

# ТОНОТ ДО

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Веќе знаеш каде се пишуваат тоновите сол, ми, ла и ре. Повтори ја уште еднаш нивната местоположба во петолинието и запиши ги во тетратката!

## *Научи!*

За да се запишат некои тонови, се користат и помошни црти под и над петолинието. Тонот до се пишува на првата помошна црта под петолинието.



## *Напиши!*

1. Напиши го тонот **до** со цела, половина и четвртина нота! Но, прво напиши ја помошната црта под петолинието и на неа напиши го тонот **до**! Помошната црта треба да биде на иста одалеченост како и линиите во петолинието.



2. Напиши ги изучените тонови сол, ми, ла, ре и до, почнувајќи од највисокиот кон најнискиот!



## Мелодиски вежби

***Задача 1***. Отпеј ги мелодиските вежби со изучените тонови! Најпрво отпеј ги парлато (само со изговарање на името на тонот и тактирање на неговата вредност)! Внимавај на точната интонација!

1. 

2. 

3. 

4. 

5. 


***Задача 2***. На сите вежби додај знаци за темпо и динамика и применувај ги додека ги изведуваш! Менувај ги темпото и динамичките нијансирања за да почувствуваш како најдобро звучи!

# ВОКАЛНА, ИНСТРУМЕНТАЛНА И ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНА МУЗИКА

Одберете една композиција по ваш избор и слушајте ја внимателно!
Дали таа се пее, се свири или се пее и свири во исто време?

## Научи!



Музиката може да се изведува на неколку начини:
- да се пее – истата се нарекува ***вокална музика***;
- да се свири – истата се ***нарекува инструментална музика***;
- да се пее и да се свири – истата се нарекува ***вокално-инструментална музика***.



## Слушај внимателно!

Слушни ги звучните примери и одреди која композиција е вокална, која е вокално-инструментална, а која е инструментална! Запиши ги композициите во твојот дневник за слушање музика и напиши твоја забелешка за секоја композиција!

1. ***Турски марш*** – *В. А. Моцарт*.
2. ***Ехо*** – *О. Ласо*.
3. ***Серенада*** – *Ф. Шуберт*.

## Размисли и одговори!

Дали ти се допаднаа композициите? Во кое темпо е секоја од композициите? Каква е изведбата на првата композиција? Дали во втората композиција има придружба од инструменти? Каков глас ја изведува третата композиција и кој инструмент е придружба?

## Научи повеќе!

Многу композиции во класичната музика се напишани во областа на инструменталната музика. Повеќето од композиторите одлично свиреле инструмент, најчесто пијано. Покрај тоа што компонирале музика, тие настапувале и на концерти како изведувачи.

## *Утврдуваме*

***Задача 1.*** Разгледај ги фотографиите и поврзи ги со соодветниот поим!





**Вокална музика**





**Инструментална музика**





**Вокално-инструментална музика**



# ХИМНА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Како се вика химната на нашата држава? Во кои пригоди се изведува? Како треба да се однесуваме кога ја слушаме химната на нашата држава или на некоја друга држава?

## *Научи!*



Химната може да се изведува вокално (да се пее), инструментално (да се свири) и вокално-инструментално (да се пее и да се свири).



## *Слушај внимателно!*

Во следните три примери ќе можеш да ја слушнеш химната на сите три начини: **вокална**, **инструментална** и **вокално-инструментална изведба**.

## *Размисли и одговори!*

- Која изведба најмногу ти се допадна?
- Каков глас ја изведува химната во звучниот пример за вокална изведба?
- Дали во звучниот пример за инструментална изведба свири еден или повеќе инструменти?

## *Научи повеќе!*

Истражувај за химните на другите држави!

## *Да пееме*

***Задача 1.*** Утврди го текстот и мелодијата на нашата химна! Пеј гордо и свечено за да ја покажеш љубовта кон својата татковина!





Денес над Македонија се раѓа
ново сонце на слободата.
Македонците се борат
за своите правдини.
Македонците се борат
за своите правдини!

Одново сега знамето се вее
на Крушевската република.
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански,
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!

Горите македонски шумно пеат
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!





***Задача 2.*** Обој го знамето на нашата татковина со црвена и жолта боја!



# ВИДОВИ ГЛАСОВИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Сигурно ги препознаваш гласовите на твоите најблиски, па дури и кога разговараш со нив на телефон. Исто така, и кога слушаш некоја песна на радио, можеш да одредиш каков глас ја исполнува песната.

## *Научи!*



Постојат ***машки***, ***женски*** и ***детски гласови***.





Машките, женските и детските гласови можат да изведуваат: ***соло*** (само еден глас), ***камерни состави*** (дуо, трио, квартет, октет и сл. ) и ***хор*** (над 25 пејачи).

## *Слушај внимателно!*

Слушни ги звучните примери за различни гласови и запиши во дневникот за слушање музика: наслов на композицијата, композитор и твоја забелешка! Обрни внимание кој ја изведува секоја композиција (хор, солист, женски, машки, детски глас)!

***Пентатоникс – Танцот на шеќерните стапчиња.***
***Хорот на виенските момчиња - Wellerman.***

## *Научи повеќе!*

Биди новинар и направи интервју со твоите најблиски за нивните омилени пејачи! Добро осмисли ги прашањата! Ќе добиеш многу интересни одговори, посебно од повозрасните. Добиените информации сподели ги во твоето одделение!

## *Размисли и напиши!*

Направи список на твоите омилени пејачи и пејачки! Потоа со зелена боичка заокружи ги женските гласови, со портокалова машките гласови, а со сина детските гласови! Која боја преовладува?

## *Воочи и напиши!*

***Задача 1.*** Разгледај ги фотографиите и напиши од какви гласови (машки, женски или детски) се составени хоровите!



______________________________



______________________________



______________________________

# ДЕТСКИ ПЕСНИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Која е твојата омилена детска песна? Каде најчесто ги слушаш детските песни? Направи листа од наслови на десет омилени детски песни! За што се пее во нив?

## *Научи!*



Детските песни се весели, разиграни, понекогаш нежни и бавни. Во нив се пее за секојдневието на едно дете, за празниците, за животните, за членовите од семејството, за другарството и сл.



## *Слушај внимателно!*

Слушни ги двете песни во кои се пее за два големи празника кои ги слават децата во нашата држава заедно со своите семејства:

***- Божиќна песна*;**

***- Песна за Бајрам*.**

## *Размисли и одговори!*

Дали претходно си слушнал/-а некоја од овие две песни? Воочи кој ја изведува првата песна! Кој ја изведува строфата, а кој рефренот? Кој ја изведува втората песна? Објасни ја придружбата во втората песна!



## *Создаваме, истражуваме*

*Задача 1*. Активност **Мојата прва песна**.

Дали до сега си пробал/-а да создадеш твоја песна?

Следи ги насоките, можно е да создадеш нов детски хит!

1. Размисли за што сакаш да пееш!
2. Создади текст за една строфа (внимавај, во секој стих треба да имаш еднаков број слогови)!
3. Создади текст за рефрен (повторно внимавај на слоговите)!
4. Пробај да додадеш мелодија на текстот!
5. Пеј ја песната повеќе пати, ќе добиеш идеи како да звучи подобро!
6. Кога ќе ја имаш крајната верзија, сними ја (на телефон или на друг уред)!
7. Слушај ја песната неколку пати!
8. Испеј ја пред другарчињата и прашај ги дали им се допаѓа!
9. Размисли кое темпо и која динамика ќе употребиш додека ја пееш!
10. Замоли ги другарчињата да пеат заедно со тебе на рефренот или да те придружуваат со детски ритмички инструменти!

Имај успех на промоцијата на твојата прва песна!

*Задача 2*. Прашај ги повозрасните членови од твоето семејство или повозрасните соседи  кои песни ги пееле кога тие биле деца! Замоли ги да ти ги испеат! Дали се разликуваат од детските песни кои ги пееш ти?



# СО ПЕЕЊЕ НИЗ СВЕТОТ



## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Дали знаеш некоја песна која ја пеат децата низ светот?

## Научи!

***А рам, сам, сам*** е мароканска народна детска песна која се пее и истовремено се игра со интересна кореографија. Песната почнува со умерено темпо, а после тоа секое повторување е со побрзо темпо и побрзи движења. Научете да ја пеете песната, а потоа проследете го видеото за да ги усвоите движењата!

### А РАМ, САМ, САМ

(Мароканска народна песна за деца)






https://www.youtube.com/watch?v=0cqT3681KEs

# СО ПЕЕЊЕ НИЗ СВЕТОТ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Постојат детски песни кои се пеат на иста мелодија, но на различни јазици.
Тие песни се популарни низ целиот свет и имаат многу варијанти.
Дали ти знаеш таква песна?

## Пеење

***Штом си среќен*** е една од најполуларните детски песни во светот.
Проследи ги видеата со оваа песна на англиски, француски и шпански јазик!
Потоа научи да ја пееш на македонски јазик или на твојот мајчин јазик!
https://www.youtube.com/watch?v=hwTwt4oIW3U (На англиски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=vOX_ZHgRlRo (На француски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=e0ZsQ_MZImM (На шпански јазик)

### ШТОМ СИ СРЕЌЕН




Штом си среќен кликни ти со прстите.
Штом си среќен кликни ти со прстите.
Штом си среќен и штом сакаш
сите други да се в ред,
штом си среќен кликни ти со прстите.



Штом си среќен тропни ти со нозете.
Штом си среќен тропни ти со нозете.
Штом си среќен и штом сакаш
сите други да се в ред,
штом си среќен тропни ти со нозете.



Штом си среќен викни гласно ура. (УРА)
Штом си среќен викни гласно ура. (УРА)
Штом си среќен и штом сакаш
сите други да се в ред,
штом си среќен викни гласно ура (УРА)



Штом си среќен сега повтори по ред,
Штом си среќен сега повтори по ред,
Штом си среќен и штом сакаш
сите други да се в ред,
штом си среќен сега повтори по ред.



# НОВА ГОДИНА

Се наближува крајот на годината и сите со нетрпение ја очекуваме новата година, време кога си посакуваме многу желби за добро здравје и среќа. Научете да ја пеете песната ***Нова година***! Придружувајте и со детски инструменти! Изработете новогодишни капи! Снимете видео како ја изведувате песната! Споделете ја со вашите најблиски! Тоа нека биде вашата музичка новогодишна честитка до нив.



## Нова година






## *Новогодишни желби*

***Задача 1***. Напиши кои новогодишни желби им ги посакуваш на своите другарчиња и на сите деца во светот!



***Задача 2***. Проследи го Новогодишниот концерт кој традиционално се одржува на први јануари во Виена, а се пренесува на многу телевизиски канали во светот! Овој концерт е еден од најпопуларните музички настани.



# МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Дали го сакаш годишното време зима? Кои звуци во природата ги има во зима?

## *Слушај внимателно!*

Наставничката/наставникот го чита текстот. Внимателно слушајте и создадете звуци соодветни на зборовите со помош на детски инструменти! Може да користите и инструменти кои сами ги изработивте или да имитирате звуци! Оваа приказна нека биде полна со звуци!

### *Зимска бајка*



Зимата пристигна во мојот крај. Сѐ е бело во недоглед. Месечината ги пушти своите сребрени зраци врз снегот кој светкаше (*триангли*). Дуваше студен ветер (*блок флејти*). Ги растресе гранките на високите елки (*тропкалки*). Почнаа да паѓаат рој снегулки (*ксилофони*), играјќи го својот нежен танц. Сивото зајаче дотрча до Снешко (*стапчиња*) за да провери дали тој има нос од морков. А Снешко беше замислен дали утре ќе дојдат децата да се санкаат на своите санки (*блок флејти*). Утредента, уште рано наутро, се слушаше џагор од веселите дечиња кои се радуваа на снегот (*сите инструменти заедно*).

## *Игровни активности*

*Задача 1*. **Музикограм!**

Нацртај цртеж како примерот подолу!
Потоа проследи го видеото и повторувај ги движењата по линиите според мелодијата и ритамот!
https://www.youtube.com/watch?v=rL4_yrRvExk



*Задача 2*. **Создади музикограм на композиција по твој избор!**

Внимавај цртежот и движењата да бидат во склад со мелодијата и ритамот на композицијата!

Наслов на композицијата ______________ Композитор ______________

# СТРОФА И РЕФРЕН

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Дали сте забележале дека музиката се состои од делови кои може да бидат различни или слични меѓу себе?

## *Научи!*

Една композиција може да се состои од два, три или повеќе дела.
Голем дел од детските песни, кратките класични композиции и популарните песни се составени од два дела кои се наречени строфа и рефрен.



**СТРОФА** **РЕФРЕН!**

## *Слушај внимателно!*

**Јоханес Брамс** – ***Приспивна песна***. Оваа композиција е составена од два дела: *строфа* и *рефрен*. Потруди се да ги воочиш!

## *Размисли и одговори!*

Дали ги воочи деловите во композицијата?
Слушни ја композицијата уште еднаш! Во едната рака држи црвена боичка, а во другата рака – сина боичка! Во првиот дел (строфата) тактирај во ритамот на композицијата со црвената боичка, а во вториот дел (рефренот) со сината боичка!

## *Научи повеќе!*



Јоханес Брамс е германски композитор и пијанист. Напишал многу композиции, а најпопуларни и најизведувани се циклусот композиции ***Унгарски танци***.

## *Утврдуваме*

***Задача 1.*** Одбери една од твоите омилени песни која има строфа и рефрен! Текстот на песната запиши го во делот подолу, со тоа што строфата ќе ја запишеш во делот ***А***, а рефренот во делот ***Б***!

***А***

***Б***

***Задача 2.*** Разговарајте со другарчињата за вашите омилени заеднички песни! Пејте ги заедно! Кога ќе воочите дека некоја песна е составена од строфа и рефрен, нејзиниот наслов напишете го подолу.



Направете кратко музичко матине од песните на списокот! Строфата може да ја пее солист, а рефренот да го пее цело одделение (хор). Придружувајте се со детски ударни инструменти!

# НАШАТА МУЗИЧКА ПРЕТСТАВА

Подгответе музички настан во кој ќе има драматизација, пеење, свирење, глума и изработка на костими, односно сè што содржи едно музичко-сценско дело! Учествувајте сите деца од одделението! Улоги: Сонце, Месечина, ѕвездички, деца. Може да има солисти, дует (***Месечина и сонце***), хор (***Светкај ѕвездичке***), кореографија. Исто така, некој може да свири придружба со детски ритмички инструменти. Заедно изработете ги костимите! Може да додадете и раскажувач со текст кој веќе сте го осмислите заедно!
Со вашата музичка претстава може да настапите пред другите одделенија во училиштето, пред поширока публика или, пак, да направите видео.

## МЕСЕЧИНА И СОНЦЕ



## СВЕТКАЈ SВЕЗДИЧКЕ






# ФЛЕЈТА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Слушај ја песната на птиците! Дали понекогаш ти се чини дека птиците свират некоја мелодија? Понекогаш таа песна на птиците потсетува на еден инструмент.

## *Научи!*



**Флејтата** е дувачки музички инструмент. Музичарите кои свират на флејта се викаат ***флејтисти***.



## *Слушај внимателно!*

Слушај го делото за флејта од композиторот В.А. Моцарт! Дали звукот на флејтата те потсетува на некои звуци од природата?

## *Размисли и напиши!*

Внимателно слушај ја музиката! Напиши ги твоите доживувања додека ја слушаш музиката на Моцарт изведена со флејта!

## *Научи повеќе!*

В.А. Моцарт е композитор кој компонирал класична музика. Бил нарекуван чудо од дете затоа што компонирал уште на детска возраст, а настапувал и на концерти. Неговите дела се весели, мелодични, понекогаш и тажни. Напишал над 600 композиции.



## *Да повториме*

***Задача 1.*** Состави ја реченицата со поврзување!

| | |
|---|---|
| Флејтата е | композитор |
| Музичарот кој свири на флејта се вика | флејта и оркестар. |
| Моцарт е | дувачки инструмент. |
| Делото кое го слушавте на час е за | флејтист. |

***Задача 2.*** Заокружи го точниот одговор!

***Флејтата е:***
а) дувачки инструмент
б) жичен инструмент
в) ударен инструмент

***Музичарот кој свири на флејта се вика:***
а) пијанист
б) кларинетист
в) флејтист

***Моцарт е:***
а) писател
б) композитор
в) сликар

***Делото кое го слушнавте на час е за:***
а) кларинет
б) тромбон
в) флејта

## *Научи повеќе!*

Слушни го делото!

В. А. Моцарт – Класична музика за деца (музика за флејта).

# КЛАРИНЕТ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Размисли и одговори кои музички инструменти ги познаваш! Објасни каде си ги слушнал/-а или видел/-а, дали ти се допаѓаат звуците, дали те потсетуваат на нешто (на звуци од природата, на веселба и сл.).

## *Научи!*



**Кларинетот** е дувачки инструмент изработен од дрво. Музичарите кои свират на кларинет се викаат ***кларинетисти***.



## *Слушај внимателно!*

Слушај го делото за кларинет и воочи ја водечката улога на кларинетот и придружната улога на оркестарот.
Концерт за кларинет и оркестар во *А-дур* **– В.А. Моцарт**.

## *Размисли и одговори!*

1. Дали кларинетот свири високи или длабоки тонови?
2. Во кое темпо е композицијата?
3. Каков карактер има композицијата?
4. Дали динамиката во композицијата се менува или цело време е иста?
5. Дали ти се допаѓа композицијата?

## *Научи повеќе!*

Слушај го делото Рапсодија во сино од Џ. Гершвин! Воочи ја улогата на кларинетот и опиши ја со свои зборови!

## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Поврзи ги точките со броеви од 1 до 25 и осознај ја формата на кларинетот!




***Задача 2.*** Размисли за сличностите и разликите меѓу флејтата и кларинетот! Во зелениот круг запиши ги карактеристиките на флејтата, во синиот дел карактеристиките на кларинетот, а во средниот жолт дел запиши ги заедничките карактеристики!



# ОРКЕСТАР

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Веќе знаеш дека музиката која се изведува со инструменти се нарекува инструментална музика. Се запозна со флејтата и кларинетот. Кои други инструменти ги знаеш од претходно? Дали знаеш дека понекогаш инструментите може да свират и заедно?

## *Научи!*





Инструменталната музика може да се изведува **соло** (*само еден инструмент*), може да биде **камерна** (*од 2 до 25 инструменти*) и **оркестар** (*кога се вклучени сите групи на инструменти – жичени, дувачки и ударни*).



## *Слушај внимателно!*

Слушни ги звучните примери и одреди која композиција е соло, која е камерна, а која е изведена од оркестар! Запиши ги композициите во твојот дневник за слушање музика и напиши твоја забелешка за секоја композиција!

***1. Детска симфонија – Ј. Хајдн.***
***2. Мала ноќна музика – В.А. Моцарт.***
***3. За Елиза – Л.В. Бетовен.***

## *Размисли и одговори!*

Во кое темпо е секоја од композициите? Каков состав ја изведува првата композиција? Дали слушна кларинет и флејта во втората композиција? Дали го препозна инструментот во третата композиција? Која композиција најмногу ти се допадна? Според тебе, која од трите композиции е највесела?

## *Научи повеќе!*

Со оркестарот раководи диригент и тој има многу важна улога. Дава знак за почеток за сите инструменти да почнат заедно да свират, го одржува темпото на композицијата, дава насоки за динамика, дава знак за крај на композицијата и според неговата замисла се изведува целата композиција.



## *Да повториме*

***Задача 1.*** Поврзи!



**оркестар**



**соло**



**камерен состав**

## *Научи повеќе!*

Најголем оркестар по состав е симфонискиот оркестар, кој е составен од сите групи на инструменти и најчесто изведува класична музика. Но, исто така, постојат и други видови оркестри, како што се: џез-оркестар, народен оркестар, воен оркестар, танцов оркестар и др.

# ПРОЛЕТТА ПРИСТИГНА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

По што препознаваш дека пристигна пролетта? Опиши ги промените во природата!

## *Да пееме за пролетта*

Прочитајте го текстот на песната и разговарајте за пролетта!
Потоа отпејте ја песната со правилен пејачки став и дишење!
Додека пеете, применете ги и знаците за темпо и динамика!

### ДОЈДЕ ПРОЛЕТ



## *Пролетни активности*

***Задача 1.*** Изработи ја техниката *Петоред* на тема ПРОЛЕТ! Во секој ред вметни зборови кои се поврзани со пролет!

*ПРОЛЕТ*

(две придавки) ____________ ____________

(три глаголи) ____________ ____________ ____________

(фраза од четири збора) ________ ________ ________ ________

(повторен приказ на суштината) ____________

***Задача 2.*** Нацртај еден симбол кој те асоцира на пролет!

## *Научи повеќе!*

Слушни ја композицијата ***Пролет*** од композиторот Антонио Вивалди. Композиторот со тонови, односно со инструментална музика го прикажува годишното време пролет (тонско сликање). По завршување на композицијата нацртај цртеж за да ги искажеш твоите чувства!

**А. Вивалди – *Пролет* (прв став).**



# НАРОДНИ ПЕСНИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Колку народни песни знаеш? Како научи да ги пееш? Што мислиш, кои песни се постари, народните или популарните?



## *Научи!*

Во народната музика (музички фолклор) среќаваме многу убави песни, ора и инструментални изведби. Оваа музика е многу блиска до нашето срце и нашата душа затоа што ја опишува нашата традиција, нашите обичаи, нашата култура. Сите овие музички творби ги создал народот. Се пренесувале по пат на усно предание и по неколку векови, па сè до денес.
***Народните песни*** се дел од музичкиот фолклор. Во нив се пее за животот на народот, за љубовта, за тагата, за природните убавини на земјата, за секојдневието и др. Можат да се пеат без инструментална придружба или со придружба. Додека се пеат народните песни, може да се игра и оро.
Кога има различни обичаи и култури на едно место – тоа е културно богатство.

## *Слушај внимателно!*

Слушнете ги македонските народни песни и песните на другите народи кои живеат во нашата татковина! Препознајте го јазикот на кои се пеат песните и со помош на наставникот/наставничката разговарајте за содржината!
*Хор Македониум – Ако одам во Битола, Ансамбл Сирма – Доне мамино,*
*Есма Реџепова – Ерделези, Неџмије Пагаруша – Ани море нусе,*
*Александра Грбиќ – Дуње ранке, Амира Медуњанин – Мој дилбере,*
*Тоше Проески – влашка песна, Ертугрул и Аслихан Еркиси – Вардар оваси.*

## *Размисли и одговори!*

Кои песни повеќе ти се допаѓаат, народните или популарните? Дали мислиш дека фолклорот е богатство на еден народ? Зошто? Дали знаеш некоја народна песна од твојот крај?

## *Научи повеќе!*

Многу популарни пејачи, пејачки и групи ги обработуваат народните песни на модерен начин. Исто така, народната музика била инспирација многу композитори да напишат класични композиции со фолклорни мотиви.

## *Истражувачки активности*

***Задача 1.*** Активност **По трагите на песната**.

Направете список на народни песни од вашиот крај! Одберете една песна и истражувајте за неа! Прашајте ги постарите членови од семејството за песната! Потрудете се да соберете што е можно повеќе информации! Откако ќе ги соберете информациите, разговарајте во одделението кој каква информација има! Селектирајте ги и изработете ѕиден весник со информациите кои ги собравте! Научете да ја пеете песната!

***Задача 2.*** Напишете го текстот на песната за која истражувавте!

# РУМ, ДУМ, ДУМ

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**



Присети се на народните песни кои знаеш да ги пееш. За што се раскажува во нив? Дали се весели или тажни според содржината?

**Научи!**



***Рум, дум, дум*** е хумористична народна песна. Во неа на хумористичен начин е прикажана случка од секојдневниот живот. Научете да ја пеете песната по слух! Може и да заиграте или да се придружувате со детски инструменти.

## Рум, дум, дум

(Македонска народна песна)




Оздол иде стар бел дедо, засукал мустаќи.
Право трга на орото и он да се фати.
Рум, дум, дум дум...
Право трга на орото и он да се фати.



Го здогледа баба Неда за рака го фати.
Каде одиш старо аро оро да им грдиш.
Рум, дум, дум, дум...
Каде одиш старо аро оро да им грдиш.

## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Направи стрип за песната ***Рум, дум, дум***!

Во трите полиња нацртај цртеж според содржината на трите строфи во песната!

## *Научи повеќе!*

Народната песна ***Рум, дум, дум*** има многу преработки за различни жанрови на музика (модерни етно преработки, џез-преработки, модерна фолклорна музика). Но, една од најдобрите преработки е композицијата за мешан хор која е напишана од македонскиот композитор и диригент Драган Шуплевски. Таа композиција многу често е дел од репертоарот на познати хорови во нашата земја и во странство.



**Д. Шуплевски – *Рум, дум, дум***
*https://www.youtube.com/watch?v=XyIIEB7KHFY*

# ПЕСНА НЕКА СЕ ВИОРИ

***Кој пее, зло не мисли*** - вели народната поговорка. Обиди се да ги научиш народните песни на сите другарчиња кои зборуваат и учат на различен мајчин јазик од твојот! Направи убав музички колаж од различни мелодии и ритми!

### *Борјано, Борјанке*

*(Македонска народна песна)*




### *Hu, Hu, baba, hu! (Ху, ху, тато, ху!)*

*(Албанска народна песна)*




(превод) Ху, ху, тато, ху, ху, ху, тато, ху. Земи коњ и оди по дрва.
Чекај, чекај, доаѓа, коњскиот опаш скока ху, ху, еден, ху, ху, два.

### *CHAJE SUKARIE (Мало девојче убаво)*

*(Ромска народна песна)*




(превод) Мало девојче убаво, не оди бавно зад мене.

### *Лепо ти је рано уранити (Убаво ти е да подраниш)*

*(Српска народна песна)*



Ле-по ти је ра - но у - ра -ни-ти, ле-по ти је ра - но у - ра ни - ти.

(превод) Убаво ти е рано да подраниш, убаво ти е рано да подраниш.

### *Featã mushatã featã (Убаво девојче)*

*(Влашка народна песна)*



Fea-tã mu, mo - re, fea - ta mu, fea - tã mu-sha - tã ca soar - le,



fea - tã mu - sha - ta ca soar - le, tsi fi - tsesh gion - le tse - avea -i!

(превод) Ој девојче убаво, бре девојче убаво, убаво девојче како сонцето.
Што стори со либето твое?

### *CRVEN FESIĆ (Црвено фесче)*

*(Бошњачка народна песна)*



Cr - ven fe - sić ma - mo, cr- ven fe - sić joj ma - mi ce,



cr - ven fe - sić u dra - ga - na mo - ga joj ma-mo ma-mi - ce.

(превод) Црвено фесче мамо, црвено фесче ој мамичке,
црвено фесче има мојот сакан, ој мамо мамичке.

### *Keçi vurdum (Водев коза)*

*(Турска народна песна)*



Ke - çi vur - dum ba - yı - ra, kı - mıl kı - mıl ya - yı - la,
sen - den ba - na fay - da yok, Mev - lam be - ni ka - yı - ra.

(превод) Коза водев по ридот, се размази козата.
Од тебе фајде нема, козичка без бериќет.

# КАВАЛ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Во светот постојат најразлични инструменти кои ги креирал народот. Начинот на изработка се пренесувал по пат на усно предание. Народните инструменти се изработувале од природни материјали. Музиката на народните инструменти звучи.

## Научи!



***Кавалот*** е традиционален народен дувачки инструмент застапен во фолклорот на повеќе народи на Балканот. Тој се изработува од дрво и е отворен на двете страни. Звукот му е топол, мек, меланхоличен и пријатен. Во минатото кавалот бил овчарски инструмент, а денес се користи во народните песни и ора, како дел од ансамбли или соло. Кавалот често се свири во парови. Музичарот кој свири на кавал се вика кавалџија.



## Слушај внимателно!

- **Васка Илиева –** *Засвирил Стојан, посвирил (глас и кавал).*
- **Кавал езгија –** *Шупли камен.*
- **Албанска народна музика** *(кавал).*
- **Турска народна музика** *(кавал).*
- **Српска народна музика** *(кавал).*
- **Влашка народна музика** *(кавал).*

## Размисли и одговори!

Дали ти се допаѓа звукот на кавалот? Дали те потсетува на еден класичен инструмент? Дали во твоето семејство има некој кој знае да свири на овој инструмент или на некој друг фолклорен инструмент? Дали сакаш да научиш да свириш на кавал?

## Научи повеќе!

Кавалот, како инструмент, се употребува не само во нашата татковина и на Балканот туку и во Турција и Ерменија.

## *Утврдуваме*

***Задача 1.*** Многу често, додека се изработувал, кавалот богато се украсувал со народни шари. Нацртај кавал и украси го!

***Задача 2.*** Кои карактеристики му припаѓаат на кавалот? Заокружи!

*древен инструмент*
*метален инструмент*

*топол звук*
*продорен звук*

*дувачки инструмент*
*ударен инструмент*

*модерен инструмент*
*традиционален инструмент*

*се употребува низ целиот свет*
*се употребува на Балканот, Турција и Ерменија*

# ОДА НА РАДОСТА

**Научи!**

Музиката за ***Ода на радоста*** е напишана од композиторот Лудвиг ван Бетовен. Таа е извадок од неговата ***Деветта симфонија***. Автор на текстот е германскиот поет Фридрих Шилер. Разговарајте за пораката која ја праќа оваа композиција!



### *Ода на радоста*

*Л.В. Бетовен*






Среќни да сте милиони,
јас ви праќам бакнеж врел.
Дружба, братство, љубов, слога,
да ни мине живот цел.

Другар ти со другар биди, гордост
има секој жив. Тој, пак, тоа што го
нема, нема живот, нема мир.

**Научи повеќе!**

***Ода на радост*** од Л. В. Бетовен е химна на Европската Унија.



## Пееме и свириме

***Задача 1.*** Изведете ја Ода на радоста со придружба на детски музички инструменти!







# НАРОДНИ ИГРИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Народните игри (ора) се дел од музичкиот фолклор на еден народ заедно со народните песни и инструменти. Дали знаеш да играш оро? Кога најчесто се игра оро?

## *Научи!*

*Народните игри (ора)* се дел од музичкиот фолклор. Постојат од многу одамна и кажуваат многу за животот, историјата и менталитетот на нашиот народ. Народната игра може да е придружена со песна и народни инструменти. Играорците имаат свои карактеристични носии, шарени и убави.

## *Слушај внимателно!*




- **Македонска народна игра.**





- **Албанска народна игра.**
- **Турска народна игра.**
- **Ромска народна игра.**
- **Српска народна игра.**
- **Влашка народна игра.**
- **Бошњачка народна игра.**




## *Размисли и одговори!*

Дали ти се допаднаа видеата со народните игри на македонскиот народ и на другите народи кои живеат во нашата татковина? Овие игри се слични. Најчесто имаат форма на отворен круг, слични се носиите, ритамот и мелодијата. Но, сепак, имаат и разлики кои прават фолклорот да биде наше најголемо богатство.

## *Научи повеќе!*

Во нашата држава постојат фолклорни културно-уметнички ансамбли кои ја оживуваат и продолжуваат народната традиција преку изведба на фолклорни песни и игри и свирење на народни инструменти. Се организираат концерти и фестивали во државата. Многу фолклорни ансамбли се амбасадори на нашата културата во целиот свет.

## *Препознај и напиши!*

***Задача 1.*** Секој народ има свои фолклорни игри.

Со помош на наставникот одреди која игра од каде потекнува! (Индија, Африка, Шкотска, Русија, Шпанија, Америка.)













# МАРШИРАМЕ ВО РИТАМ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Кога слушаме музика и танцуваме, ритамот ни помага да ги усогласиме нашите движења. Дали сте го почувствувале тоа кога сте танцувале на некоја кореографија?

## *Научи!*

***Марш*** е композиција со нагласен ритам која служи за усогласување на чекорите на поголема група луѓе.
Кога маршираме, го слушаме ритамот и броиме: еден, два, еден, два...



## *Слушај внимателно!*

Слушнете ја композицијата и воочете го ритамот! Може и да тактираш или да придружуваш со детски ритмички инструменти.
(**Г. Фучик** – ***Голем хроматски марш***.)

## *Размисли и одговори!*

Сигурно воочи дека композицијата е со умерена брзина затоа што така е најпогодно за марширање. Што би било кога еден марш би се изведувал многу брзо или многу бавно?

## *Научи повеќе!*

Постојат повеќе видови марш: свечен, војнички, параден, свадбен марш и сл. Има и оркестри кои свират и маршираат во исто време. Сите се разликуваат според намената и карактерот, а служат за усогласување на чекорењето со помош на нагласениот дводелен ритам.

## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Подредете се еден позади друг, пуштете ја композицијата и чекорете во ритамот на музиката (еден, два, еден, два...)! Чекорете исправено! Првиот во колоната додава дополнителни движења (на пример: плескање со рацете, па рацете горе и сл.), а сите останати ги повторуваат неговите движења, чекорејќи. Потоа првиот од колоната оди последен во редот, следниот прв осмислува нови движења, а другите повторуваат. И така во круг. Секој ќе има можност да биде прв во колоната. Може да си додавате и знаменце кое ќе го носи првиот во колоната.



***Задача 2.*** Проследете го видеото – анимиран филм каде што вредните мравки чекорат во ритамот на марш!
https://www.youtube.com/watch?v=Pjw2A3QU8Qg



# ТАНЦУВАМЕ ВО РИТАМОТ НА ВАЛЦЕР

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Кога слушаме музика таа може да нè инспирира своите чувства да ги искажеме со зборови, да нацртаме убав цртеж или да танцуваме. Како ти најчесто ги искажуваш твоите чувства кога слушаш музика?

## Научи!

***Валцерот*** е танц кој се игра во парови. Се изведува со умерена брзина, со лесни и нежни движења. Кога играме валцер го слушаме ритамот и танцуваме (еден, два, три, еден, два, три).



## Слушај внимателно!

Слушни ја композицијата и воочи го ритамот и карактерот! Може и да тактираш.
**П.И. Чајковски – *Валцер на цвеќињата*.**

## Размисли и одговори!

Во кое темпо е композицијата? Дали има танцувачки карактер? Каков состав ја изведува композицијата, дали е соло, камерна музика или оркестар? Замисли ги цвеќињата како танцуваат и нацртај цртеж!

## Научи повеќе!

Еден од најпопуларните валцери е ***На убавиот син Дунав*** од австрискиот композитор Јохан Штраус.
**Ј. Штраус – На убавиот син Дунав.**

## Танцуваме

***Задача 1.*** Доколку сакаш да ги научиш основните чекори на валцерот, може да пробаш според шемата прикажана подолу. Но, доколку ти изгледа сложено, само слушај ја музиката, почувствувај го ритамот (еден, два, три, еден, два, три), движи се слободно и уживај во танцувањето!




***Задача 2.*** Проследи го видеото од анимираниот филм ***Пепелашка***. Пепелашка и принцот танцуваат валцер. Музиката на која танцуваат е компонирана од рускиот композитор Сергеј Прокофјев и е извадок од балетот ***Пепелашка***.
https://www.youtube.com/watch?v=TZBOaSjOZ-8



## Научи повеќе!

***Балетот*** е уметнички танц кој се изведува со техничка сложеност во движењето и голема естетска вредност. Се изведува, првенствено, со придружба на класична музика, иако постои и модерен балет кој се изведува со поновите жанрови на музика. Во балетските дела, покрај танцувањето, се употребуваат мимики и глума преку кои се доловува драмското дејствие, односно содржината (сиже) која е основа за самото дело.



**Фрагмент од балетот *Лебедово езеро* од П.И. Чајковски**.
https://www.youtube.com/watch?v=gP132E-xABg

# АЈДЕ ДА ТАНЦУВАМЕ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Дали сакаш да танцуваш? На каква музика најмногу сакаш да танцуваш? Дали танцуваш со различни движења на брза и гласна музика и на бавна и тивка музика?

## *Научи!*





Музиката можеме да ја *пееме*, да ја *свириме*, но и да ја *танцуваме*. Со движење на телото во ритамот на музиката ги искажуваме нашите чувства.



## *Слушај внимателно!*

Проследи го видеото од анимираниот филм ***Мадагаскар*** и танцувај заедно со разиграните учесници!

**Изводок од анимираниот филм *Мадагаскар* *(I like to move it)*.**

https://www.youtube.com/watch?v=hdcTmpvD



## *Размисли и одговори!*

Дали ти се допадна како танцуваа учесниците во видеото? Кој ти се допадна најмногу? Дали танцуваше и ти? Обидете се да осмислите ваша кореографија!



## *Научи повеќе!*

Еден од најпопуларните танци е балетот. Но, исто така, има и модерни танци кои се популарни кај младата популација (хип-хоп, рап, поп и сл.).



## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Подреди ги буквите по ред за да добиеш збор кој означува вид танц!

ц р е в а л ______________

ш а р м ______________

о о р ______________

л т е б а ______________

х о п х п и ______________

***Задача 2.*** Проследи го видеото во кое се прикажани различни стилови на танцување во последните 100 години!

https://www.youtube.com/watch?v=0n-bVfI8vOc



# МУЗИКА ОД АНИМИРАНИ ФИЛМОВИ

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Анимираните филмови се дел од детството затоа што децата сакаат да ги гледаат. Во нив има многу музика. Дали си ја забележал/-а улогата на музиката во анимираните филмови?

## *Научи!*



Музиката во анимираните филмови има многу важна улога. Таа често ги следи движењата на главните јунаци и помага при нивната анимација. Музиката е напишана од композитори и често е изведувана од симфониски оркестар. Има и многу познати песни кои се дел од анимираните филмови.




## *Слушај внимателно!*

Проследи го видеото со музика и воочи на кој начин се создава музиката за анимираниот филм ***Том и Џери***.
Концертна изведба на музика за анимиран филм.

## *Размисли и одговори!*

Дали претходно си ја забележал/-а улогата на музиката во анимираните филмови? Гледај ја омилената епизода од анимираниот филм ***Том и Џери***, но првиот пат со звук, а вториот пат без звук! Дали има разлика? Дали ја воочуваш улогата на музиката? Каква е музиката, вокална или инструментална? Кои инструменти ги препознаваш?

## *Научи повеќе!*

Прв пат анимираниот филм ***Том и Џери*** се појавил во 1940 година, односно пред повеќе од 80 години и е омилениот анимиран филм на многу генерации.

## *Игровни активности*

***Задача 1.*** Обој ги Том и Џери!



***Задача 2.*** Помогни му на Том да го фати Џери!



***Задача 3.*** Поврзи ги точките за да добиеш убав цртеж на пријателски момент меѓу Том и Џери!



## *Научи повеќе!*

Во слободно време проследи ги епизодите од анимираниот филм ***Том и Џери*** каде што Том е во улога на диригент, пијанист и оперски пејач, а палавиот Џери му прави проблеми, па така почнуваат бркотници! Обрни внимание на музиката!

# ПОПУЛАРНА МУЗИКА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Секој има различен вкус за тоа каква музика сака да слуша: народна, класична, забавна, детски песни. Каква музика најчесто слушаш во слободно време?

## *Научи!*

Популарната музика има најголем број слушатели, посебно кај младата популација. Постојат различни правци на популарната музика: поп, рок, хип-хоп, хеви метал, рап, аренби, џез, блуз и др.

## *Слушај внимателно!*




**Фарел Вилијамс – *Happy*.**
Фарел Вилијамс е познат американски пејач, композитор и продуцент на популарна музика.
Слушај ја песната, танцувај со твоите другари и другарки и почувствувај го ритамот на песната! Бидете среќни!

## *Научи повеќе!*

Во нашата татковина има многу пејачи, пејачки и музички групи кои изведуваат популарна музика. Ќе спомeнеме некои од нив: Тоше Проески, рок-групата Елита 5, Каролина, Бертан Арслан, Тамара Тодевска, Бени Шаќири, Калиопи и др.









***Размисли и напиши!***

***Задача 1.*** Кои се твоите музички идоли од популарната музика?

На првиот лист запиши ги светските музички групи, пејачки или пејачи, а на вториот лист запиши ги пејачите, пејачките или групите од домашната поп-музика кои најчесто ги слушаш!



***Задача 2.*** Дополни ги речениците според твојот музички вкус!

Последната песна која ја слушав е ______________________________________________

Мојата омилена песна за танцување е __________________________________________

Кога слушам игрива песна со брз ритам, сакам да ______________________________

Кога слушам тажна песна, се чуствувам _________________________________________

# КАТЧЕ ЗА ПЕЕЊЕ И СВИРЕЊЕ

Вежбите од катчето за пеење и свирење може да ги изведуваш заедно со останатите ученици од одделението или, пак, да музицираш во твоето слободно време. Овие вежби може да ги тактираш на неутрален слог или да ги свириш на детски ритмички инструменти.




**_Ритмички вежби_**




1. 

2. 

3. 

4. 

5. 

6. 

*Задача 1.* Обидете се да најдете мелодија која ќе соодветствува со ритмичките вежби!

## *Мелодиски вежби*

Мелодиските вежби може да ги пееш или да ги свириш на детски мелодиски инструменти. Најпрво отпеј ги парлато! Потоа отпеј ја мелодијата, но внимавај на точната интонација!

1.


2.


3.


4.


5.


*Задача 1*. Осмисли темпо и динамика и применувај ги додека ги изведуваш вежбите! Менувај ги темпото и динамиката за да одбереш како најдобро одговара! Некоја вежба нека звучи нежно, некоја весело, некоја маршовито и сл. Тоа ќе го постигнеш со примена на темпо и динамика и соодветна изведба. На тој начин ќе им дадеш карактер на вежбите. Пеј, свири, музицирај!





# ЛЕТОТО ДОАЃА

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

Завршува уште една училишна година исполнета со многу знаење и дружба. Пред вас е летниот распуст. За летото да ви биде разиграно и распеано, да го започнеме со убава песна.

## Пеење

Научи да ја пееш песната напамет! Пеј ја весело и игриво! Пеј ја и во текот на летниот распуст, посебно кога ќе ги играш детските игри! Може да се придружуваш со различни предмети, „инструменти од природата“ (на пример: две каменчиња, шише наполнето со песок и сл.).

### *Прекрасна игра*

*В.А. Моцарт*



## *Добредојде лето!*

Летниот распуст е пред тебе. Ќе имаш многу слободно време, а еве неколку предлози како ова лето да ти биде незаборавно:

- Играј детски игри на отворено (криенка, џамлии, скокање јаже и сл.). Научи некоја нова игра за која ќе ти кажат повозрасните членови на твоето семејство или повозрасните соседи, односно игра која тие ја играле кога биле деца.
- Внимавај на животната околина, отпадоците секогаш фрлај ги на вистинско место.
- Вози велосипед или ролери.
- Засади дрво и грижи се за него.
- Посети библиотека.
- Прочитај книга или стрип.
- Танцувај во ритамот на омилената музика.
- Пеј ги омилените песни.
- Често прави домашна лимонада.
- Научи да приготвиш оброк со помош на возрасен. Погледај барем едно изгревање на сонцето.
- Додека надвор е топло, дома научи барем една друштвена игра. !Напиши една приказна или песна.
- Земи стапче за храна и на него нанижи парчиња овошје. Обој и украсувај каменчиња.
- Направи летало и летај го кога времето е ветровито. Запознај барем две нови другарчиња.
- Направи една летна фотографија и врами ја.
- Гледај во облаците и препознавај различни форми. Комуницирај со твоите другарчиња од одделението. Гледај во ѕвездите и сонувај.
- Направи куќичка во дворот.
- Гледај анимирани филмови.
- Посети музеј.
- Погледај еден залез на сонцето.

И на крај, не е задолжително да ги направиш сите овие предлози/задачи, но потруди се да ги направиш барем дел од нив.
Постојано СЛУШАЈ МУЗИКА! Пеј ги твоите омилени песни! Заедно со другарчињата од твоето маало организирајте уличен фестивал на кој ќе пеете, свирите, танцувате! Летото со музика ќе ти биде уште повесело!



# АЈДЕ ДА ПОВТОРИМЕ

**ЈАС И МУЗИКАТА**
Моето име е:

______________________________

**ЗАОКРУЖИ!**

Кога би бил/-а член/-ка на рок-група би сакал/-а да бидам:
1) солист пејач/-ка
2) бас-гитарист/-ка
3) соло гитарист/-ка
4) флејтист/-ка
5) клавијатурист/-ка

Најмногу сакам да слушам:
1) класична музика
2) популарна музика
3) народната музика

Заокружи со кои инструменти се запознавте на час!
1) пијано
2) флејта
3) труба
4) кларинет
5) тапан
6) кавал

Заокружи кој инструмент ти звучи најпријатно!
1) кавал
2) кларинет
3) флејта
4) пијано

Поп, рок, рап, џез, блуз спаѓаат во: 1) народна музика
2) популарна музика
3) класична музика

Кавалот е:
1) народен инструмент
2) класичен инструмент
3) поп-рок инструмент

Флејтата и кларинетот се:
1) класични инструменти
2) народни инструменти
3) поп-рок инструменти

Динамика е:
1) јачина
2) брзина

Пијано е:
1) тивко
2) гласно

Форте е:
1) тивко
2) гласно

Темпо е:
1) јачина
2) брзина

Кога песната има строфа и рефрен, таа се состои од:
1) два дела
2) еден дел
3) три дела

Солист е кога пее:
1) еден пејач
2) двајца пејачи
3) повеќе пејачи

Хор е:
1) кога пеат повеќе гласови
2) кога пее еден глас
3) кога свират инструменти

Оркестар е:
1) кога свират повеќе инструменти заедно
2) кога свири само еден инструмент
3) кога пеат повеќе пејачи
4) кога пее еден пејач

# СЛУШАМЕ МУЗИКА

*(НАСОЧЕНО СЛУШАЊЕ МУЗИКА)*

Име и презиме на композиторот

______________________

Наслов на композицијата

______________________



Дали ти се допаѓа композицијата?

Да Не

Каков е карактерот на композицијата?

______________________

______________________

______________________

Објасни ги темпото и динамиката во композицијата!

______________________

______________________

______________________

Какви чувства побудува кај тебе оваа композиција?

______________________

______________________

______________________

Нацртај еден симбол за оваа композиција!



Дали сакаш повторно да ја слушаш оваа композиција?

Да Не

# МУЗИЧКИ СПОМЕНАР



Моето име е

________________________________________

Пејачот/пејачката кој/која го/ја обожавам е

________________________

Моја омилена популарна песна е

______________________________

Јас слушам популарна музика секој ден.

ДА НЕ

Моја омилена група е

____________________________________

Повеќе сакам да слушам:

1) странска музика
2) домашна музика

И јас сакам да бидам пејач/-ка.

ДА НЕ

# ДНЕВНИК ЗА СЛУШАЊЕ МУЗИКА

| КОМПОЗИТОР | НАСЛОВ НА КОМПОЗИЦИЈАТА | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# ДНЕВНИК ЗА СЛУШАЊЕ МУЗИКА

| КОМПОЗИТОР | НАСЛОВ НА КОМПОЗИЦИЈАТА | ЗАБЕЛЕШКА |
| --- | --- | --- |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |